# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

октомври-декември 2022

Институт за европска политика. Скопје

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Краток квартален преглед октомври-декември 2022

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
Ангела Делевска
Ангел Мојсовски
Беба Жагар

Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2022

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток преглед ги сумира клучните настани во однос на владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ во периодот октомври-декември 2022 година. Тој содржи **следење на основите начела за пристапување во ЕУ, вклучително и на клучните настани во функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: Судство и основни права.**

## Клучни случувања

- Собранието го донесе предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации.
- Судскиот совет и Советот на јавни обвинители реагираа по однос на номинациите и изборот на кандидати за членови на Управниот одбор и на приемната испитна комисија на Академијата за судии и јавни обвинители.
- Изборот на новиот основен јавен обвинител на ОЈОГОКК предизвика реакции поради нетранспарентност, пропусти во постапката за избор, како и можна поврзаност на обвинителот со партиите од владината коалиција.
- Прифатени се жалбите на првообвинетиот во предметите „Трезор“ и „Таргет-Тврдина“, поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков, со кои беа поништени првостепените пресуди и предметите беа вратени во Основниот кривичен суд Скопје на повторно разгледување и повторно судење.
- Долгоочекуваните измени на Кривичниот законик поминаа на прво читање во Собранието и чекаат на понатамошните фази од законодавната постапка.
- Предлог-верзијата на новиот Закон за кривична постапка е објавена на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).
- Донесен е новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, со кој казните за новинари, уредници и правни лица за клевета и навреда се намалуваат до петпати во споредба со претходниот закон.
- Основното јавно обвинителство Скопје назначи еден од нивните јавни обвинители како лице за контакт во врска со предмети поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на оваа институција.
- Избран е нов претседател и заменик-претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.
- Собранието на 17 ноември 2022 година го донесе Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилни кривични дела.



# Список на каретнки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АКМИС | Автоматизиран информациски систем за управување со судски предмети |
| АНБ | Агенција за национална безбедност |
| АР | Агенција за разузнавање |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АСПИ | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| ГО | Граѓанска организација |
| ГРЕКО | Група држави против корупцијата |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕИРЕ | Европски институт за родова еднаквост |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| ЕПИ | Институт за европски политики |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на личните податоци |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| ИКТ | Информатичко-комуникациска технологија |
| ИКТ-совет | Совет за координација на информатичката и комуникациската технологија во правосудните органи |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ИРИ | Меѓународен републикански институт |
| ИРЛ | Лабораторија за истражувачко новинарство |
| КПИИ | Комитет за прашања за изборите и именувањата |
| КПТ | Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални заедници |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МКФ | Меѓународна класификација на функционалноста |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| НВО | Невладина организација |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| ОН | Обединети нации |
| ПИНА | Платформа за истражувачко новинарство и анализи |
| РЕСПА | Регионална школа за јавна администрација |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| СЕПЕЖ | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| УФП | Управа за финансиска полиција |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| ЦСР | Центар за социјална работа |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ... **6**

Избори ... 7

Собрание ... 8

Владеење ... 8

Граѓански сектор ... 9

Цивилен надзор над безбедносниот/разузнавачкиот сектор ... 9

Реформа на јавната администрација ... 11

**Поглавје 23** ... **12**

Функционирање на судството ... 13

Стратешки документи ... 13

Управни тела ... 13

Независност и непристрасност ... 15

Отчетност. ... 17

Професионализам и компетентност ... 17

Квалитет на правда ... 20

Ефикасност ... 22

Борба против корупцијата ... 24

Државна комисија за спречување на корупцијата ... 24

Управни тела ... 25

Независност и непристрасност ... 25

Јавно обвинителство ... 25

Правна рамка ... 26

Основни права ... 27

Судска практика на Европскиот суд за човекови права ... 27

Народен правобранител ... 27

Мачење или друг суров, нечовечки или понижувачки третман или казна ... 27

Затворски и притворски установ ... 28

Заштита на личните податоци ... 29

Слобода на изразување ... 29

Напади врз новинари ... 31

Права на детето ... 32

Ранливи групи и начело на недискриминација ... 33

Родови прашања ... 34

ЛГБТИ + ... 36

Роми ... 36

# Функционирање на демократските институции



Овој тримесечен период почна со Годишниот извештај на Европската комисија[1], кој штотуку беше објавен и беше прв извештај објавен по почетокот на пристапните преговори на земјата со ЕУ, како и на тековните билатерални скрининзи. Потоа, на седми декември се одржа билатералниот скрининг за функционалноста на демократските институции, со што заврши билатералниот скрининг за кластерот основни вредности.[2]

# Избори

Најголемата опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ, цврсто се држеше до својот став дека се потребни предвремени парламентарни избори[3] што треба да се одржат колку што е можно поскоро поради лошата работа на Владата[4]. Сепак, според премиерот Димитар Ковачевски, предвремени избори не се неопходни и тие треба да се одржат во редовно закажаниот термин во 2024 година, заедно со претседателските избори.[5]

Во неодамнешното истражување спроведено од страна на Меѓународниот републикански институт (ИРИ) на крајот на декември, мнозинството граѓани, или вкупно 70% (39% – многу веројатно; 31% – веројатно), би гласале доколку утре се одржат избори, а во моментов најмногу би гласале за најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ (19%), додека владејачката СДСМ бележи пад на поддршката и има рејтинг од само 11%.[6]

1 „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2022 година“, Европска комисија, 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enplargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

2 „Билатерален скрининг во областа на функционирањето на демократските институции, официјална интернет-страница на Секретаријатот за европски прашања, 7 декември 2022, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13302#.Y7P50HbMJPY.

3 „Потребни се предвремени избори – Народот е против оваа влада, дури и поддржувачите на СДСМ и ДУИ сметаат дека е катастрофална“, интервју со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Християн Мицковски, интернет-страница на ВМРО-ДПМНЕ, 25 септември 2022, https://bit.ly/3hL7zg2.

4 „ЦК на ВМРО-ДПМНЕ со две барања: Организирање на предвремени парламентарни избори и итно усвојување на нашите предлози за закрепнување на економијата“, интернет-страница на ВМРО-ДПМНЕ, 24 ноември 2022, https://bit.ly/3vYNO8j.

5 „'Нема реконструкција на Владата, парламентарни избори во 2024', вели Ковачевски“, Фокус, 21 декември 2022, https://bit.ly/3GcrFJy.

6 Меѓународен републикански институт (ИРИ), „Национална анкета во Северна Македонија – септември-октомври 2022 година“, 19 декември 2022, https://bit.ly/3PNlAq3.

# Собрание

На средината на октомври пратениците го донесоа предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, поднесен од пратениците од владејачката партија и од опозицијата.[7] Дополнувањата беа поднесени главно поради отворањето на т.н. бугарски културни центри што се именувани по контроверзни историски личности, т.е. личности кои се поврзани со фашистичките движења во овој регион или соработници на нацистичкиот режим[8] од Втората светска војна. Целта на овој закон е да се стави крај на отворањето здруженија и фондации чии програми, цели, активности и дејства се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на земјата, поттикнување и повикување на воена агресија, како и разгорување на национална, расна, верска омраза или друга нетолеранција, омраза, геноцид, истребување, ширење или поддршка, поттикнување и одобрување на фашизмот, нацизмот, националсоцијализмот и на Третиот рајх, како и преземање активности поврзани со тероризам или активности спротивни на Уставот.[9]

# Владеење

Владата го донесе предлог-буџетот за 2023 година.[10] Една од главните цели на овој закон е надминување на предизвиците предизвикани од светската економска и енергетска криза, за која се издвоени 250 милиони евра.[11] Покрај тоа, планирано е зголемување на пензиите, поддршка на компаниите и земјоделците, обезбедување трансфери до единиците на локалната самоуправа, а 795 милиони евра се планирани за капитални инвестиции или за 52,3% повеќе отколку во 2022 година.[12]

7 „Пратениците од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се здружија против здруженија и партии со фашистички имиња", Фокус, 17 октомври 2022, https://bit.ly/3Yg8uFA.

8 Ванчо Михајлов е поранешен лидер на организацијата ВМРО, одговорен за голем број убиства на истакнати македонски интелектуалци и дејци, пред почетокот на Втората светска војна и сојузник на нацистичка Германија.

9 Исто.

10 Бесими: „Развоен буџет за одговор на кризата и среднорочни проекции за економски раст", официјална интернет-страница на Министерството за финансии, 2 ноември 2022, https://bit.ly/3PlsYIW.

11 Исто.

12 Исто.

# Граѓански сектор

Бојкотот на ГО продолжи и во текот на овој тримесечен период. Во октомври се одржа вонредна седница[13] на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на која се расправаше за претходно донесената „Одлука за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија“[14] и се договараа следните чекори. Според претседателот на Советот, оваа одлука, „...ја заменува Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите и средствата за таа цел ќе бидат обезбедени од буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“.[15] Според Владата, тие сè уште стојат зад својата одлука и укажуваат дека „...одлуката е донесена со цел рационално користење на финансиските средства, кои веќе биле обезбедени од друг буџетски корисник“.[16]

# Цивилен надзор над безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

При изборот на нов директор на Агенцијата за национална безбедност (АНБ)[17] се случи скандал што ја загрози безбедноста на земјата, како и кредибилитетот на сегашниот директор, односно новиот амбасадор на РСМ во Франција.

Имено, македонските власти му издале државјанство/пасош на државјанин на Украина гонет за корупција, проституција и ширење дезинформации со кои влијаел врз американските избори, односно тој е ставен на американската „црна листа“ на непожелни лица[18]. Поради ова, во ноември директорот бил поканет во собраниската Комисија за надзор на работата на АНБ и на Агенцијата за разузнавање поради пропустите направени со доделување на спорното државјанство.[19] Директорот побара оваа седница да биде затворена поради класифицираните информации што ќе ги презентира[20], а петмина членови на надзорниот одбор го прифатија неговото барање.

---

13 „Седма седница на Советот“, официјална интернет-страница на Секторот за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, 6 октомври 2022, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/734.

14 „Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество, З А П И С Н И К од Седмата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 06.10.2022 година“, 6 октомври 2022, https://bit.ly/3WfhRn0.

15 Исто.

16 „Владината соработка со невладините на тенок мраз“, Призма, 19 октомври 2022, https://bit.ly/3BvUfm6.

17 Причината за избор на нов директор на АНБ е тоа што сегашниот директор доби нова позиција како амбасадор на земјата во Република Франција.

18 „Странско мешање во изборните резултати во САД“, Министерство за финансии на САД, 11 јануари 2021, https://home.treasury.gov/policy-issues/financial-sanctions/recent-actions/20210111.

19 „Димовски на надзор во Собрание поради пропустите на тајната служба со државјанството на украинскиот – трговец со (женско) месо“, Телма ТВ, 14 ноември 2022, https://bit.ly/3Foxemu.

20 „Димовски во Собрание за случајот Онишченко – јавноста нема да ја слушне неговата одбрана“, Фокус, 18 ноември 2022, https://bit.ly/3Fs6nFU.

Во врска со ова, претседателот Пендаровски изјави дека треба да ги почитуваме нашите партнери, како што се САД, кои инвестираа многу во земјата, а одговорните за ова кривично дело треба да сносат последици.[21] Исто така, премиерот Димитар Ковачевски остро реагираше на случајот, изјавувајќи дека: „Нема да отстапам од барањето за одговорност за пропустот. Причините за оваа постапка ќе ги посочи истрагата што ќе се спроведе во АНБ и соодветниот извештај што ќе се изготви по завршувањето на истрагата. Откако ќе има извештај, мора да има одговорност за стореното“.[22] Во исто време, на 23 ноември, Владата побарала одземање на државјанството на спорното лице[23], а на шести декември, Владата донела одлука[24] за поништување на одлуката. Сепак, според директорот на АНБ, веќе е познато кои се одговорните за овој невиден пропуст, но останува да се утврди дали тоа е направено ненамерно или има друга причина за сето ова.[25] На средината на декември беше избран новиот директор на АНБ.[26]

Но, оваа седница предизвика дополнителен скандал поради тоа што, и покрај одлуката за затворена седница, сепак беше јавно емитувана на јутјуб-каналот на Парламентот.[27] Главен виновник за овој скандал беше претседателот на Собранието, како и фактот дека „...нема протоколи за ваков тип седници, а телефоните ги оставаме на малата маса (пред просториите на Комисијата), каде што секој може да ви го земе телефонот“.[28] Според претседателот на Собранието, треба да ја почекаме истрагата на Министерството за внатрешни работи пред да бидат изнесени овие обвинувања.[29]

21 Пендаровски: „Мора да се извлече одговорност за случајот ’Онишченко‘, ова е голем удар за кредибилитетот на АНБ“, Фокус, 17 ноември 2022, https://bit.ly/3iN5W1l.

22 Ковачевски за случајот „Онишченко“: „Мора да има одговорност по истрагата во АНБ“, Фокус, 19 ноември 2022, https://bit.ly/3ByJeRk.

23 „Владата побара да му се одземе државјанството на Александр Онишченко“, А1 Он, 23 ноември 2022, https://bit.ly/3Pl49Np.

24 „Владата донесе одлука да се поништи одлуката за прием на Онишченко во државјанство“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 6 декември 2022, https://vlada.mk/node/31299.

25 „Димовски знае кој во АНБ е одговорен за Онишченко, ама не знае дали е грешка или намера“, Слободен печат, 15 ноември 2022, https://bit.ly/3HyGtmK.

26 „Зарко Милошовски е нов директор на АНБ“, ТВ 24, 14 декември 2022, https://bit.ly/3I2vTVg.

27 „Затворената седница за Онишченко одела во живо на ’Јутјуб‘?!“, Фокус, 18 ноември 2022, https://bit.ly/3Hxul5y.

28 Трајанов: „Собранието нема протокол за затворени седници, телефоните ги оставаме на масичка, денеска објавени и класифицирани информации од АНБ“, ТВ 21, 22 ноември 2022, https://bit.ly/3uK4NKH.

29 „Џафери ја чека истрагата на МВР, за да информира кој е одговорен за тајното снимање на директорот на АНБ“, Либертас, 21 ноември 2022, https://bit.ly/3UPEFbX.

# Реформа на јавната администрација

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) утврди[30] дискриминаторски одредби во новиот предлог-закон за административни службеници[31]. Ова се однесува на платите на административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите, кои во член 71 се регулирани на поинаков начин во однос на платите на административните службеници вработени во институциите од јавниот сектор. Според КСЗД, „...административните службеници вработени во министерствата и секретаријатите би имале значително повисока основна плата во споредба со административните службеници во сите други институции од јавниот сектор, иако имаат ист статус како административен службеник, распределен на исто ниво, односно ги исполнуваат истите општи и посебни услови за наведеното ниво“.[32]

Во текот на пролетта Владата го почна процесот на изработка на нова Стратегија за реформи во јавната администрација. За таа цел, на крајот на ноември се одржа јавна расправа за новата предлог-стратегија за реформа на јавната администрација (2023-2030). Овој документ ќе опфати период од осум години (од 2023 до 2030 година) и се изработува со експертска поддршка од СИГМА и РЕСПА.[33]

По првично објавување на Анализата за државна реорганизација, која потоа беше[34] и објавена[35] како Синтетички извештај за државна реорганизација[36], во ноември се одржа првата конференција на која беше презентирана оваа анализа,[37] а беа преземени и првите активности што во почетната пилот-фаза се однесуваат на реорганизација на три министерства.[38] Анализата и предлозите за реорганизација беа елаборирани со користење податоци на институционално ниво собрани од 144 органи на државната управа и јавните институции и со примена на методологијата за хоризонтална функционална анализа на органите на државната управа.

30 „КСЗД со стручно мислење за предлог-законот за административни службеници“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 29 ноември 2022, https://bit.ly/3FL7fqM.

31 Министерство за правда, „Предлог-закон за административни службеници“, Национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР, 7 септември 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=60140.

32 „КСЗД со стручно мислење за предлог-законот за административни службеници“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 29 ноември 2022, https://bit.ly/3FL7fqM.

33 „Одржана јавна расправа за нацрт-верзијата од Стратегијата за реформа во јавната администрација 2023-2030“, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 1 декември 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4451.

34 „Реорганизација на државната администрација, наш приоритет“, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 9 јуни 2022, https://mioa.gov.mk/?q=en/node/3321.

35 Даце Груберте, Александрс Антоновс и Гинтер Кубе, „Синтетски извештај за реорганизација на државната управа“, Делегација на ЕУ во Република Северна Македонија, ЦПМ Интернационал ОУ, 3 ноември 2021, https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/synthesis_report_2021_en.pdf.

36 Анализата предвидува: [i] оптимизирање на институционалната рамка, [ii] подобрување на испораката на јавни услуги и [iii] зајакнување на етиката, интегритетот, транспарентноста и одговорноста на јавната администрација со цел да се насочи и да се оптимизира институционалната рамка, да се елиминираат надлежностите што се удвојуваат и да се обезбедат ефективни линии на одговорност.

37 „Министерот Алити беше панелист на маргините на конференцијата 'Првите чекори кон државната реорганизација'“, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 17 ноември 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4417.

38 Министерство за информатичко општество и администрација; Министерство за економија и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# Поглавје 23

Во овој тримесечен период се одржа и дводневниот билатерален скрининг состанок за Поглавје 23.[39] Заменик-претседателот на Владата Маричиќ го образложи напредокот постигнат во ова поглавје, но, исто така, истакна дека судските реформи ќе бидат клучни при преговорите со ЕУ и дека има уште работа.[40]

39 „Маричиќ за Поглавје 23: 'Судската реформа клучна за пристапување во ЕУ, имаме уште за работа'", официјална интернет-страница на Секретаријатот за европски прашања, 2 декември 2022, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13298#.Y82qmHbMJPa.

40 Исто.



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Во извештајниот период, работната група за изработка на новата Стратегија за развој на правосудниот сектор 2023-2027 година продолжи да се состанува. Во оваа насока, сите претставници, вклучувајќи ја и Блупринт групата за реформи во правосудството, придонесоа со предлози за конкретни области во согласност со Извештајот за спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022.[41] Покрај ова, Блупринт групата објави сеопфатна анализа за процена на спроведувањето на тековната стратегија што понуди сеопфатна и независна процена на овој процес и понуди препораки врз основа на нивните наоди, кои би можеле да бидат вклучени во новата стратегија.[42] Важноста на наодите и процените презентирани во анализата беа земени предвид и при извршената ревизија на успешноста на тема „Ефективност при имплементацијата на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 и имплементација на Акциониот план на Стратегијата" спроведена од Државниот завод за ревизија.[43]

## Управни тела

По подолг период, Судскиот совет на седницата одржана на 19 октомври 2022 година го донесе новиот Етички кодекс за своите членови[44] во кој беше инкорпориран нов член: Етичко однесување на социјалните мрежи.[45]

Советот на јавни обвинители на 23.12.2022 година објави повик за избор на член на Советот од редот на јавните обвинители за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар со изборно место бр. 2,[46] со што се пристапи кон пополнување на едно од преостанатите две места, слободни од август 2022 година.[47] За таа цел, формирана е Комисија за подготовка на список на кандидати за избор на кандидат за Советот на јавни обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство, Гостивар, со избирачко место бр. 2, како и Комисија за спроведување избори за член на Советот на јавни обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство, Гостивар, со избирачко место бр. 2.[48] Двајца од пријавените кандидати ги исполниле условите за избор, а изборот на новиот член на Советот треба да се одржи на десетти јануари 2023 година.[49]

41 „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година", Министерството за правда, https://bit.ly/40km6R5.

42 Ардита Абази Имери и други, „Анализа: Сеопфатна проценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот систем (2017-2022)", Блупринт група за судски реформи, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3CXChdd.

43 Државен завод за ревизија на Република Северна Македонија, Конечен извештај за извршена ревизија на успешност, „Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 и спроведување на Акцискиот план на стратегијата", декември 2022, https://bit.ly/3Jy04oh.

44 Соопштение од 417. седница на Судскиот совет на РСМ – 19.10.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3X106J6.

45 Етички кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 228/2022.

46 „Оглас за избор на член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар со изборно место бр. 2", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 252/22.

47 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година", Институт за европска политика – Скопје, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23886?lang=en.

48 „Соопштение за формирање на комисии за подготвување на кандидатски листи и за избор на член на Советот", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3we3Bjn.

49 „Соопштение за кандидатска листа", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3w8pPUg.

Со престанокот на мандатот на членовите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) и објавувањето на одлуката за објавување повик за нова деветта генерација кандидати за почетна обука,[50] Судскиот совет[51] и Советот на јавни обвинители[52] пристапија кон именување членови и заменик-членови за новиот Управен одбор, како и за приемната испитна комисија при АСЈО. Номинациите од двата совета беа проследени со многу контроверзии[53] и незадоволство на одредени членови на Судскиот совет за номинациите и изборот на кандидати за членови на Управниот одбор и комисиите за прием и завршен испит на АСЈО.[54] Имено, во однос на Судскиот совет, тенденцијата била изборот на членови да се одвива без расправа и без да им се даде можност на преостанатите членови на Советот да предложат свои кандидати,[55] по што дошло до предлог и избор на нови кандидати.[56] Сепак, недостатокот на прецизни одредби и недоследности во Законот за Судскиот совет[57] и Законот за Академијата за судии и јавни обвинители[58] предизвикаа реакција во јавноста за можен судир на интереси при изборот на членот на Советот Зоран Герасимоски за член на Управниот одбор на АСЈО.[59] Слични реакции предизвикаа и предлозите на Советот за јавни обвинители, членот на Советот, Фиданка Рајевска, и новиот шеф на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК), Ислам Абази, да бидат членови на Управниот одбор на АСЈО.[60] Поконкретно, во однос на првото, непрецизните одредби во Законот за јавно обвинителство[61] и Законот за Академијата за судии и јавни обвинители[62] оставаат можност за произволно толкување, што предизвикаа реакции во јавноста за наводно незаконскиот избор и големата концентрација на моќ што му се дава на избраното лице.[63] Во однос на второто, јавноста реагираше на фактот дека новиот шеф на ОЈОГОКК, со тоа што стана член на Управниот орган на АСЈО, може да влијае и да покаже пристрасност во спроведувањето на завршниот испит и евалуација на приправниците од седмата генерација, меѓу кои е и неговата сопруга.[64]

50 „Оглас за 130 кандидати за судии и обвинители, како и за директор на Академијата“, Фокус, 31 октомври 2022, https://fokus.mk/oglas-za-130-kandidati-za-sudii-i-obviniteli-kako-i-za-direktor-na-akademijata/.

51 „Соопштение од 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 24.11.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3XsfCxZ.

52 „Соопштение од 69. седница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 11 ноември 2022, https://bit.ly/3WaflOp.

53 „Герасимовски и Рајевска незаконски избрани во Управен, судскиот и обвинителски совет како на пазарче со толкувањето закони“, А1 Он, 27 ноември 2022, https://a1on.mk/macedonia/gerasimovski-i-rajevska-nezakonski-izbrani-vo-upraven-sudskiot-i-obvinitelski-sovet-kako-na-pazarche-so-tolkuvanjeto-zakoni/?swcfpc=1.

54 „Бунт во Судскиот совет, членовите избрани од судиите спречија да помине готов список за гласање за клучни места во Академијата за судии и јавни обвинители“, Сакам да кажам, 26 ноември 2022, https://bit.ly/3GDIqfu.

55 Исто.

56 „Соопштение од 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 24.11.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3XsfCxZ.

57 Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019.

58 Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015, 163/2018.

59 „Судскиот совет не гледа проблем што нивниот член Герасимоски извршува две функции истовремено“, МКД.мк, 18 декември 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/sudskiot-sovet-ne-gleda-problem-shto-nivniot-chlen-gerasimoski-izvrshuva-dve.

60 „Абази и Рајевска предложени за членови на УО на Академијата за судии и јавни обвинители“, Нова Македонија, 11 ноември 2022, https://bit.ly/3CJGhOd.

61 „Закон за Јавно обвинителство“, „Службен весник на Република Северна Македонија“. бр. 42/2020.

62 „Закон за Академијата за судии и јавни обвинители“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015, 163/2018.

63 „Герасимовски и Рајевска незаконски избрани во Управен, судскиот и обвинителски совет како на пазарче со толкувањето закони“, А1 Он, 27 ноември 2022, https://a1on.mk/macedonia/gerasimovski-i-rajevska-nezakonski-izbrani-vo-upraven-sudskiot-i-obvinitelski-sovet-kako-na-pazarche-so-tolkuvanjeto-zakoni/.

64 Изборот на претседателката на Врховниот суд за член на Управниот одбор на АСЈО, каде што нејзината снаа ја посетува почетната обука, предизвика исти реакции како и изборот на основниот јавен обвинител на ОЈОГОКК за истата позиција. „Абази се повлече од академијата ама Беса Адеми нема таква намера“, Алфа ТВ, 12 ноември 2022, https://bit.ly/3J6oip6.

Реакциите во јавноста предизвикаа новиот раководител на ОЈОГОКК да се повлече од својата позиција како член на Управниот одбор на АСЈО.[65] Во меѓувреме, по горенаведените реакции во

Судскиот совет, претседателот на Судскиот совет поднесе оставка[66] и беше избран нов претседател.[67]

По критиките од експертската јавност и укажувањето на потребата од подобрување и прецизирање на Програма и акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022 - 2025,[68] донесени од Судскиот совет во септември 2022 година,[69] Судскиот совет пристапи кон измени и дополнување на некои од нејзините одредби,[70] кои Советот ги донесе на седми декември 2022 година.[71]

## Независност и непристрасност

На 19 октомври 2022 година, Советот за отворено судство ја одржа својата трета седница на која беа презентирани новите рокови за спроведување на Акцискиот план за отворено судство 2021-2023.[72]

Проактивната улога на Врховниот суд во подобрувањето на транспарентноста и довербата на јавноста во судството, која исто така беше позитивно оценета во Извештајот на ЕК за 2022 година,[73] продолжи и во овој квартален период. Поточно, на општата седница одржана на 21 декември 2022 година, Врховниот суд донесе начелен став јавно да се објавуваат на интернет-страницата на судот одлуки што не се конечни, но се однесуваат на предмети од јавен интерес.[74] Потоа, на истата седница,

65 „Абази влезе и во Академијата за судии и јавни обвинители каде на обука е неговата сопруга“, Телма ТВ, 11 ноември 2022, https://bit.ly/3vXartD.

66 Според изјавата дадена за медиумите, поранешната претседателка на Судскиот совет, Павлина Црвенковска, поднела оставка поради дистрибуција на лажни информации до новинарите, како и опструкција и намерно одложување на внатрешните процеси во Советот, кои се од суштинско значење за успешно завршување на задачите и за функционирањето на судството. „Претседателката на Судски совет, Црвенковска поднесе оставка“, Цивил Медиа, 29 ноември 2022, https://civilmedia.mk/pretsedatelkata-na-sudski-sovet-tsrvenkovska-podnese-ostavka/.

67 „Соопштение од 422. седница на Судскиот совет на РСМ – 05.12.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Gu1VHe.

68 Во програмата, Судскиот совет укажа на сите слабости на судството што се провлекуваат со години, како што е градењето на непрофесионални односи помеѓу јавните обвинители, судиите и адвокатите и злоупотребата на системот АКМИС преку субјективна распределба на предметите од страна на раководните лица. Сепак, во Акциониот план, тие повеќе се наведуваат како наоди, без да се наведат активностите што би се презеле за надминување на ситуацијата. Дополнително, исто така, нема индикатори за мерење на резултатите, а во временската рамка пишува „постојано“ речиси насекаде. Емилија Спасовска, „Мониторинг извештај на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители за 2022 година“, Коалиција „Сите за фер судење“, декември 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

69 Судски совет на Република Северна Македонија, „Програма и акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025“, фејсбук-страница на Министерството за правда на РСМ, 7 септември 2022, https://bit.ly/3N8p6tK.

70 Направени се измени во редоследот на точките, при што тие се дополнети и појаснети; Разделени се корупцијата во Судскиот совет и корупцијата во судството; Направена е процена на ризикот и одвоени се делот за придонес за корупција во судството од страна на други чинители и делот за корупција во судството; Внесен е дел за придонесот на медиумите за лошата перцепција во судството; Направени се измени во временската рамка на Акциониот план – каде што пишуваше постојано, променето е во континуирано; Во однос на Етичкиот кодекс, рокот од прва половина на 2023 година е променет во втора половина од 2023 година; Здружението на судии е предвидено да ја реализира обуката за примена на Кодексот и овозможување на подобар статус на судиите, вработените во Судскиот совет, судовите и актуализирање на проблемите. Судски совет, „Доставување на информации од јавен карактер“, 27 јануари 2023.

71 „Соопштение од продолжението на 421. седница на Судскиот совет на РСМ“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3kkhKsK.

72 „Трета седница на Советот за Отворено судство“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 19 октомври 2022, https://bit.ly/3CYG6ih.

73 „Амбасадорот на ЕУ, Дејвид Гир, официјално ѝ го предаде Извештајот на ЕУ на претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 13 октомври 2022, https://bit.ly/3XJmdDE.

74 „Начелен став за објавување на донесените судски одлуки на интернет-страниците на судовите“, 21 декември 2022, https://bit.ly/3GLvZP1.

Врховниот суд донесе Заклучок за поднесување иницијатива до Министерството за правда за измена на член 9 од Законот за движење и управување со предмети, како и измена на член 99 став 5 од Законот за судовите[75], со што ќе се овозможи спроведување на оваа начелна позиција. Иницијатива за измена на член 9 од Законот за движење и управување со предмети за истото прашање поднесе и Судско-медиумскиот совет,[76] чиј нов, трет, состав беше конституиран на 23 ноември 2022 година.[77]

Ваквата проактивност на Врховниот суд е позитивна промена што може да доведе до подобрување на довербата на граѓаните во судството. Истовремено, тоа ќе придонесе за детално образложување на судските одлуки, што секако ќе влијае врз квалитетот на донесените одлуки и степенот на правда во судовите.

Потребни се големи интервенции кај Автоматизираниот систем за управување со судски предмети (АКМИС) за да функционира во согласност со потребите на судството.[78] За таа цел, претставниците на Врховниот суд направија студиска посета на Осло, при што беа претставени карактеристиките на норвешкиот систем за управување со судските предмети, како пример што ќе служи за развој и надградба на системот АКМИС.[79]

На 30 ноември 2022 година, во Казнено-поправниот дом „Идризово", пуштена е во употреба[80] најголемата и најопремена дигитална судница во земјата.[81] Сепак, за време на првото судење одржано на 14 декември 2022 година,[82] се појавија неколку проблеми во врска со начелото на јавност на постапката, на што реагираше Коалицијата „Сите за правично судење".[83] Поточно, за судењето не било известено навреме и не било наведено точното време и локација на судењето во календарот на судења на официјалната интернет-страница на судот.[84] Дополнително, местото каде што се наоѓа судницата не е лесно достапно, со оглед на тоа што се наоѓа во околината на градот Скопје, а нема јавно достапни информации за точната локација на оваа судница, освен што се наоѓа во близина на Казнено-поправниот дом „Идризово".[85] Затоа, иако судовите можат да

75 „Соопштение од одржана Општа седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 30 декември 2022, https://bit.ly/3iJcVsN.

76 „Доставена иницијативата за промена на член 9 од Законот за движење и управување со предметите", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет на Здружението на судии на Република Северна Македонија, 26 декември 2022, https://bit.ly/3GFA5bg.

77 „Конституирање на трет состав на Судско-медиумскиот совет", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судии на Република Северна Македонија, 23 ноември 2022, https://bit.ly/3w8GXcw.

78 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година", Институт за европска политика – Скопје, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23886?lang=en.

79 „Претставници на Врховниот суд остварија студиска посета во Осло за унапредувањето на системот АКМИС", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 26 октомври 2022, https://bit.ly/3D27b3Y.

80 Новата дигитална судница е изградена со поддршка на Европската унија во рамките на програмата ИПА за акција „Поддршка на правосудниот сектор", со околу еден милион евра инвестирани во градежните работи и опрема. Република Северна Македонија учествува со 0,28 милиони евра. Набавката на дополнителна безбедносна и ИТ-опрема беше поддржана од Амбасадата на САД. Во опремувањето на судницата учествуваше и Управата за извршување на санкциите. Вкупната вредност на судницата е 1,3 милиони евра.

81 Овој комплекс се изгради за да им се суди на притворените, како и на осудените лица за тешки кривични дела против кои се води друга кривична постапка, а чиј транспорт до судовите претставува безбедносен ризик. Ова значително ќе го намали ризикот од бегство на притворените и осудените лица за време на транспортот до судовите. Дополнително, со користење на оваа судница, ќе се заштедат и значителни средства за транспорт на притворените и осудените лица до судовите. „Пуштена во употреба најголемата и најопремена дигитална судница во државата", официјална интернет-страница на Управата за извршување на санкции во Министерството за правда, 30 ноември 2022, https://bit.ly/3QXOAMn.

82 „Соопштение за јавност: 'Прво судење во новата дигитална судница во рамките на КПУ Идризово'", Основен кривичен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 14 декември 2022, https://bit.ly/3XTFUbU.

83 Коалиција „Сите за правично судење", „Јавна реакција: Економичноста на постапката не смее да биде на сметка на јавноста и транспарентноста", декември 2022, https://bit.ly/3iX6h1V.

84 Исто.

85 Исто.

отстапат од начелото на јавност поради одредени законски причини, вклучувајќи ја и безбедноста на учесниците во постапката, безбедносните мерки треба да се приспособат и да бидат во согласност со начелото на пропорционалност откако ќе се разгледаат сите можни алтернативи за обезбедување безбедност и сигурност во судницата.

Здружението на јавни обвинители одржа изборна седница на 21 декември 2022 година и ги избра своите нови тела.[86] Во следниот период, новиот состав најави подготовка на годишна програма во која ќе бидат предвидени повеќе активности со цел унапредување и зајакнување на статусот на јавните обвинители и стручната служба во обвинителството, зголемување на соработката со институциите и граѓанските организации, како и учество во проекти поврзани со законодавството во судската сфера.

## Отчетност

Во овој тримесечен период, шест судии биле разрешени од страна на Судскиот совет.[87] Покрај тоа, Судскиот совет донесе одлука за разрешување судија, поради намерна и неоправдана груба професионална грешка, „иако различното толкување на законот и фактите не може да биде основа за утврдување на одговорност на судијата".[88] Немало разрешувања на јавни обвинители од страна на Советот на јавни обвинители.[89]

Нејасно е како пензиониран судија може да донесе одлука за поништување на првостепената пресуда во случајот „Таргет-Тврдина" и да го врати случајот на повторно судење. Наводно, еден од петте судии кои ја донесоа оваа одлука е пензиониран на седми декември 2022 година[90], додека одлуката објаснета подолу е донесена на 16 декември 2022 година.[91] Веста ја објави Здружението за слободен развој на мислата „Сакам да кажам" – Скопје[92], според соопштението за пензионирање објавено на официјалната интернет-страница на Судскиот совет.[93] Ниту Судскиот совет, ниту Апелациониот суд во Скопје не ја коментираа веста.[94]

## Професионализам и компетентност

Во извештајниот период, Судскиот совет избра претседатели на Основниот кривичен суд Скопје, Основниот суд Ресен и Основниот суд Виница.[95] Судскиот совет избра и двајца судии, по еден во Основниот кривичен суд Скопје 1 и Основниот суд Штип.[96]

86 „Избрани нови органи на Здружението на јавните обвинители", официјална интернет-страница на ЈО на Република Северна Македонија, 22 декември 2022, https://jorm.gov.mk/izbrani-novi-organi-na-zdruzhenieto-na-javnite-obviniteli/.

87 Судски совет, „Доставување на информации од јавен карактер", 27 јануари 2023.

88 Исто.

89 Совет на јавни обвинители, „Доставување на информации од јавен карактер", 13 јануари 2023.

90 „Соопштение од продолжението на 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 07.12.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот Совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3iW2T7t.

91 „Соопштение за јавност", Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 16 декември 2022, https://bit.ly/3j0Vynh.

92 „Судијката Лидија Чачева, која одлучувала во предметот 'Таргет-Тврдина' и ја укина пресудата за Мијалков, Судскиот совет ја пензионирал уште на 7 декември", Здружение за слободен развој на мислата „Сакам да кажам", Скопје, 16 декември 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sudijkata-lidija-chacheva-koja-odluchuvala-vo-predmetot-tvrdina-target-i-ja-ukina-presudata-za-mijalkov-sudskiot-sovet-ja-penzioniral-ushte-na-7-dekemvri/.

93 „Соопштение од продолжението на 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 07.12.2022 година".

94 „Судијката Лидија Чачева, која одлучувала во предметот 'Таргет-Тврдина' и ја укина пресудата за Мијалков, Судскиот совет ја пензионирал уште на 7 декември".

95 „Соопштение од 426. седница на Судскиот совет на РСМ – 29.12.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3kf95YB.

96 Исто.

Во текот на извештајниот период избрани се осум јавни обвинители во обвинителствата на Република Северна Македонија.[97] Поточно, по две одложувања, на 23 декември 2022 година, во основните јавни обвинителства од Битола, Велес, Гостивар, Кавадарци и Куманово беа избрани петмина основни јавни обвинители.[98] На истата седница беа избрани и виши јавни обвинители на Вишото јавно обвинителство Скопје и Вишото јавно обвинителство Гостивар.[99] Поради пролонгирање на изборите, двајца од тројца јавни обвинители, кандидати за позицијата виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, се повлекоа од трката за позицијата.[100, 101] Според тоа, иако претходно оваа година доби критики за својата работа, сегашниот шеф на Вишото јавно обвинителство Скопје доби уште еден четиригодишен мандат.[102]

По суспендирањето на шефот на ОЈОГОКК, на седми ноември 2022 година, исто така, беше избран нов раководител на институцијата.[103] Изборот на новиот раководител – јавен обвинител – е направен по претходно објавен повик на шести октомври 2022 година.[104] По првпат, изборот на јавен обвинител на ОЈОГОКК го извршија сите јавни обвинители во земјата, применувајќи го член 66 од новиот Закон за јавни обвинители.[105] Од четворицата пријавени кандидати кои ги исполниле потребните услови, за нов раководител на ОЈОГОКК беше избран[106] јавниот обвинител од Вишото јавно обвинителство Гостивар, Ислам Абази.[107] Овој начин на избор на јавен обвинител на ОЈОГОКК е напреден процес што влијае врз унапредувањето на независноста на јавните обвинители и на внатрешната контрола на јавната обвинителска професија. Сепак, пофалбите за напредниот процес на селекција брзо се претворија во критика од стручната јавност поради недостатокот на транспарентност и пропустите направени во текот на постапката за избор на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК.[108] Реакции беа упатени и кон медиумите, посочувајќи дека

---

97 Совет на јавни обвинители, „Доставување на информации од јавен карактер“.

98 „Соопштение од продолжената седумдесетта седница на Советот на јавните обвинители на РСМ“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 23 декември 2022, https://bit.ly/3QGwe2m.

99 Изборите за сите обвинители на сите позиции првично требаше да се одржат на 14 ноември 2022 година. Изборот беше одложен поради образложението на Советот на јавни обвинители дека членовите немале време да ги разгледаат досиејата на пријавените кандидати. Вторите избори планирани за 21 ноември 2022 година беа одложени поради немање на потребниот кворум од осум члена, бидејќи државниот јавен обвинител на Република Северна Македонија, кој е член на Советот по службена должност, бил на болничко лекување.

100 „Фетаи се повлекува од трката за шеф на Вишото обвинителство во Скопје“, Фокус, 18 ноември 2022, https://fokus.mk/fetai-se-povlekuva-od-trkata-za-shef-na-vishoto-obvinitelstvo-vo-skopje/.

101 „И Бурим Рустеми се повлекол од трката за шеф на Вишото јавно обвинителство Скопје“, ТВ 21, 30 ноември 2022, https://mk.tv21.tv/i-burim-rustemi-se-povlekol-od-trkata-za-shef-na-vishoto-javno-obvinitelstvo-skopje/.

102 Членовите на Советот имаа само пофални зборови, без оглед на критиките што ги искажаа на претходните седници во врска со недостигот на итност и конфискација во предметите за кои е надлежно Вишото јавно обвинителство, Скопје. Според дел од членовите, вината за тоа лежи во хиерархиски пониските обвинителства под надлежност на Вишото јавно обвинителство, Скопје. „Хајрулахи едногласно избран за шеф на ВЈО Скопје, Советот на ЈО имаше само пофални зборови“, 360 степени, 23 декември 2022, https://360stepeni.mk/hajrulahi-ednoglasno-izbran-za-shef-na-vjo-skopje-sovetot-na-jo-imashe-samo-pofalni-zborovi/.

103 „Соопштение – Формално именување на новиот основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 14 ноември 2022, https://bit.ly/3WhmrAS.

104 „Оглас за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 216/2022.

105 Закон за јавно обвинителство.

106 „Соопштение“, официјална страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3H19ua8.

107 „Ислам Абази ќе ја наследи Вилма Русковска во обвинителството“, Дојче веле, 7 ноември 2022, https://www.dw.com/mk/obvinitelite-odlucija-islam-abazi-e-naslednikot-na-vilma-ruskovska/a-63667198.

108 Имено, во процесот на селекција недостигаа податоци за професионалната кариера на четворицата кандидати. Истовремено, не беа почитувани ниту минималните стандарди за транспарентност на процесот на селекција, бидејќи биографиите на кандидатите со нивните професионални надлежности не беа објавени на интернет-страницата на Советот на јавни обвинители. Покрај тоа, јавноста, а особено стручната јавност, немаше можност да се запознае со предложената програма на кандидатите, која би влеала доверба во процесот и би помогнала за зголемување на довербата во институцијата. Понатаму, дојде до неофицијалното објавување на изборни информации пред официјално да бидат собрани гласовите од страна на Комисијата за спроведување на изборите предизвика загриженост – „Недоволна транспарентност и пропусти при изборот на основен јавен обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за судски реформи, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3GD1ydD.

медиумите треба да информираат само според официјалните податоци објавени од надлежните институции.[109] Дополнително, имаше и забелешки за потенцијалните влијанија и поврзаноста на новиот шеф со една од партиите во владејачката коалиција,[110] како и за недоволно строгите правила и критериуми на изборниот модел.[111]

Горенаведените реакции на експертската јавност, особено на организациите на граѓанското општество, како што е Блупринт групата за реформи во правосудството, во врска со недостатокот на транспарентност околу изборите, беа предмет на напади од страна на некои членови на Советот на јавни обвинители, на што беше побарана реакција од претседателот на Советот.[112]

Сè уште не се избрани четворица јавни обвинители во ОЈОГОКК, кои треба да ги пополнат местата што се испразнети од јуни и август 2022 година.[113] Иако Советот на јавни обвинители ја одржа изборната седница на 27 октомври 2022 година, не избра ниту еден од шесте пријавени кандидати, без да даде образложение.[114] Иако беше објавен нов повик за избор, тој допрва треба да се спроведе.

---

109 Групата Блупринт, исто така, изрази загриженост за начинот на кој беа објавени неофицијални информации за изборот на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК пред официјално да бидат собрани гласовите од страна на Комисијата за спроведување на изборите и очекува објавување на објективен и непристрасен извештај врз основа на докази и официјални извори.

110 Амбасадите на САД, ЕУ и Холандија, како докажани партнери на земјата во правосудните реформи и борбата против корупцијата, на барање и на прашањата поставени од програмата „360 степени“, изразија незадоволство од изборот. Американскиот амбасадор дури упати јасни и остри критики за изборот. „САД се збунети од изборот на Ислам Абази, особено по потрошени милиони долари за обука на обвинители“, 360 степени, 18 ноември 2022, https://360stepeni.mk/sad-se-zbuneti-od-izborot-na-islam-abazi-osobeno-po-potrosheni-milioni-dolari-za-obuka-na-obviniteli/.

111 „Изборот на Ислам Абази ставен на тест на јавноста“, Дојче веле, 9 ноември 2022, https://www.dw.com/mk/somnezi-i-osporuvana-na-izborot-na-islam-abazi-za-sef-na-organiziran-kriminal/a-63694136.

112 „Реакција по расправата на седницата на Советот на јавни обвинители во врска со јавно искажаниот став на Блупринт групата за избор на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за судски реформи, 14 ноември 2022, https://bit.ly/3H6p700.

113 „По трет пат одложена седницата за избор на 4 нови обвинители во Обвинителството за гонење организиран криминал“, Телма ТВ, 30 септември 2022, https://telma.com.mk/2022/09/20/po-tret-pat-odlozhena-sednicata-za-izbor-na-4-novi-obviniteli-vo-obvnitelstvoto-za-gonenje-organiziran-kriminal/.

114 „Пропадна изборот на обвинители за организиран криминал“, 27 октомври 2022, https://sitel.com.mk/propadna-izborot-na-obviniteli-za-organiziran-kriminal.

# Квалитет на правдата

На 30.11.2022 година се одржа конститутивната седница на новиот Управен одбор на АСЈО,[115] на која беа верификувани мандатите на членовите и заменик-членовите, предложени од надлежните институции и здруженија.[116] Покрај тоа, во текот на седницата, почитувајќи го начелото на еднаква застапеност на судиите и јавните обвинители во органите на Академијата, како и внимавајќи претседателот и заменик-претседателот да бидат судии и јавни обвинители од повисоки инстанции, со стекнат углед, интегритет и долгогодишно искуство во вршењето на судската функција, беа избрани претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор.[117] Понатаму, на седницата, веќе спорниот член на Судскиот совет, Зоран Герасимоски, беше назначен за вршител на должноста директор на АСЈО до изборот на новиот претседател.[118] Одлуката за именување на Зоран Герасимоски за вршител на должноста директор на АСЈО беше дури и повеќе критикувана од неговиот избор за член на Управниот одбор на АСЈО, која беше опишана погоре. Во таа насока, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) објави дека тој не може да ги извршува трите функции истовремено, односно не може да биде член на Судскиот совет, член на Управниот одбор на Академијата и вршител на должноста директор на Академијата во исто време.[119] Како резултат на опомените од страна на ДКСК, само неколку дена по изборот, тој поднесе оставка и беше избран нов вршител на должноста директор на АСЈО.[120]

По неуспешниот обид за избор на нов директор на АСЈО на 30 август 2022 година,[121] Управниот одбор на АСЈО во заминување, на седница одржана на 28 октомври 2022 година, донесе одлука за објавување на нов повик.[122] Повикот беше објавен на 16 ноември 2022 година. На повикот се

115 „Соопштение за одржана конститутивна седница на Управниот одбор на Академијата", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 30 ноември 2022, https://bit.ly/3XNIJLH.

116 Членови на новиот состав на Управниот одбор на Академијата се: Беса Адеми, претседател на Врховниот суд, член на УО именуван од Врховниот суд; Исмаил Лимани, судија на Врховниот суд, член на УО именуван од Врховниот суд; Бодан Лазаревски, јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, член на УО именуван од јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија; Исмаил Дарлишта, јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, член на УО именуван од јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија; Зоран Герасимоски, член на Судскиот совет, член на УО, именуван од Судскиот совет; Анита Данилова, судија на Вишиот управен суд Скопје, заменик-член на УО, именуван од Судскиот совет; Беким Мехмеди, претседател на Апелациониот суд Гостивар, член на УО, именуван од Судскиот совет; Васка Николовска Масевска, судија на Основниот кривичен суд Скопје, член на УО, именуван од Судскиот совет; Бесир Алиу, јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово, член на УО, именуван од Советот на јавни обвинители; Бурим Рустеми, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, заменик-член на УО, именуван од Советот на јавни обвинители; Фиданка Рајевска, член на Советот на јавни обвинители, член на УО, именуван од Советот на јавни обвинители; Ристо Бојаџиски, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Штип, заменик-член на УО, именуван од Советот на јавни обвинители; Џемаил Саити, судија на Врховниот суд, член на УО именуван од Здружението на судии; Александар Камбовски, судија од Апелациониот суд во Битола, заменик-член на УО, именуван од Здружението на судии; Ермон Незири, обвинител од Основното јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје, член на УО, именуван од Здружението на јавни обвинители; Јелена Догазанска Колева, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип, заменик-член на УО, именуван од Здружението на јавни обвинители; Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда, член на УО, именуван од министерот за правда; и Анета Тошевска, раководител на сектор во Министерството за правда, заменик-член на УО, именуван од Министерството за правда.

117 „Соопштение за одржана конститутивна седница на Управниот одбор на Академијата".

118 Исто.

119 „Антикорупциска контра Герасимовски: 'Не се консултирал со нас, не може судија да извршува три функции'", А1 Он, 2 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/antikorupciska-kontra-gerasimovski-ne-se-konsultiral-so-nas-ne-mozhe-sudija-da-izvrshuva-tri-funkcii/.

120 „Соопштение од 188. седница на АСЈО", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 5 декември 2022, https://bit.ly/3kAisCo.

121 „Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители не избра директор, ќе распишува нов оглас", 30 септември 2022, https://360stepeni.mk/upravniot-odbor-na-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli-ne-izbra-direktor-ke-raspishuva-nov-oglas/.

122 „Оглас за 130 кандидати за судии и обвинители, како и за директор на Академијата".

пријавија четворица кандидати,[123] вклучувајќи ја и актуелната директорка на Академијата, која беше реизбрана за позицијата на деветти декември 2022 година.[124]

На седницата на Управниот одбор на АСЈО во заминување, одржана на 28.10.2022 година, донесена е одлука и за објавување повик за нова деветта генерација кандидати за почетна обука во АСЈО.[125] По донесувањето на одлуката, формирани се и комисиите за приемниот испит при АСЈО (објаснето погоре).[126] Повикот за прием на деветтата генерација кандидати за почетна обука во АСЈО се очекува да биде објавен во следниот период.

На деветти ноември 2022 година, по долг процес и пробиени рокови утврдени во Стратегијата за реформа на судскиот сектор 2017-2022 година,[127] конечно на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) беше објавена нацрт-верзијата на новиот Закон за кривична постапка.[128] Со овој предлог-закон се изменија и се дополнија повеќе од третина од членовите на постојниот закон.[129]

Еден од членовите со кои се очекува да се измени со новиот Закон за кривична постапка е член 371 став 2, со кој се намалува злоупотребата на одложување на судењата поради промени во составот на Судскиот совет или на поединечниот судија.[130] Ова значи дека со новиот Закон изведените доказни материјали не се презентираат повторно, туку Судскиот совет и/или судијата се запознаваат со доказниот материјал надвор од судското рочиште.[131] Ова е особено важно за сложени кривични предмети со многу материјални и вербални докази.[132] Со ваквите промени ќе се запази и начелото на економичност и ефикасност во судската постапка.[133]

---

123 Првично, изборот на новиот директор требаше да се одржи на седми декември 2022 година, но поради тоа што кандидатот, судијата Андреј Димовски од Граѓанскиот суд Скопје, не ја добил навремено документацијата по пошта, изборот се одржа на 9 декември 2022 година. „Не се избра директор на Академијата за судии и обвинители: Пошта доцнела и во последен момент донесе кандидатура од судијата Димовски“, А1 Он, 7 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/macedonia/ne-se-izbra-direktor-na-akademijata-za-sudii-i-obviniteli-poshtata-docnela-i-vo-posleden-moment-donese-kandidatura-od-sudijata-dimovski/?swcfpc=1.

124 „Наташа Габер-Дамјановска реизбрана за директорка на Академијата за судии и јавни обвинители“, Радио Слободна Европа, 9 декември 2022, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32169701.html.

125 „Оглас за 130 кандидати за судии и обвинители, како и за директор на Академијата“.

126 „Соопштение од 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 24.11.2022 година“; „Соопштение од 69. седница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“.

127 Работната група што го изготви новиот закон е составена од засегнати страни, односно претставници на државните органи и институции, стручната јавност и граѓанските организации. Во ова смисла, важно е да се спомене дека работната група е формирана со одлука на министерот за правда, на први април 2021 година. Пред формирањето на оваа работна група, процесот на изготвување на измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка почна уште во 2017 година, кога беше формирана работна група составена од претставници на релевантни институции, судии, јавни обвинители и академски установи, но овој дел од процесот беше особено затворен за јавноста, пред јавноста да се вклучи преку претставниците на Блупринт групата во работната група четири години подоцна.

128 „Предлог на Законот за кривична постапка“, Национален електронски регистар не прописи – ЕНЕР, 9 ноември 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=76038.

129 Главните цели што треба да се постигнат преку измените на Законот за кривична постапка се: а. Усогласување на Законот за кривична постапка со новодонесените директиви на ЕУ поврзани со правото на толкување и превод во кривичната постапка, правото на информации во кривичната постапка, заштитата на личните податоци при соработка во кривичната материја, стандардите на правото, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела; б. Разгледување и изменување на веќе изготвените измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка со цел надминување на нееднаквото толкување и нееднаквата практична примена на некои одредби; в. Прецизно дефинирање на одредбите поврзани со определување, продолжување и прекинување на мерката притвор и прецизни дефиниции на одредбите за спогодба.

130 Министерството за правда, „Предлог за Законот за кривична постапка“.

131 Исто.

132 „Измени на ЗКП: Судењата повеќе нема да се одолговлекуваат поради смена на судија или поротник“, Фокус, 17 ноември 2022, https://fokus.mk/izmeni-na-zkp-sudenata-poveke-nema-da-se-odolgovlekuvaat-poradi-smena-na-sudija-ili-porotnik/.

133 Исто.

## Ефикасност

Во ова тримесечје беа избрани двајца нови уставни судии.[134] На 28 октомври 2022 година, Собранието за уставни судии ги избра судијата од Апелациониот суд во Скопје, Фатмир Скендер, и државниот советник за граѓанско законодавство во Министерството за правда, Татјана Васиќ-Бозаџиева.[135] Сепак, дискусијата за последниот предлог сè уште трае во Комисијата за избори и именувања,[136] а во меѓувреме се пензионираше уште еден уставен судија.[137] Ако Собранието не ги избере преостанатите четворица судии може да настане уставна криза во земјата.[138]

Законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство[139] и Законот за судската служба[140] беа донесени на трети ноември 2022 година, на продолжението на 82. седница на Собранието на Република Северна Македонија, по скратена постапка.[141] Имено, со измените на Законот за судска служба се постигнува еднаквост меѓу вработените во приватниот и во јавниот сектор, преку утврдување на ист износ на законска минимална плата и усогласување (во нивоа) на другите надоместоци на судските службеници на сите нивоа, а исто така се обезбедува континуитет на промените во платите на вработените во судската администрација во однос на минималната плата на национално ниво, како долгорочна цел. Со усогласувањето на Законот за судска служба со Законот за минимална плата,[142] платите на вработените во судската служба се зголемуваат за 15%.[143]

Подобрувањето на капацитетите на јавно обвинителската служба има за цел да се усогласиување на Законот за јавно обвинителската служба со Законот за вработени во јавниот сектор[144] и Законот за административни службеници од причина што во досегашното законско решение постојат непрецизности во начинот на дефинирање и исплата на додатоци на плата на јавно обвинителските службеници. [145] Со предлог- законот за изменување на Законот за јавно обвинителска служба се воспоставува ист износ на законската минимална плата и скалесто усогласување на преостанатите плати на јавно обвинителските службеници од сите нивоа, како а и се обезбедува континуитет на промените на платите во јавно обвинителската администрација во однос на минималната плата на национално ниво [146]

134 „Фатмир Скендер и Татјана Васиќ-Бозаџиева избрани за нови уставни судии“, Слободен печат, 28 октомври 2022, https://www.slobodenpecat.mk/fatmir-skender-i-tatjana-vasikj-bozadzhieva-izbrani-za-novi-ustavni-sudii/.

135 Исто.

136 „Говор од завршната прес-конференција на претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска“, официјална страница на Уставниот суд на Северна Македонија, 3 јануари 2023, http://ustavensud.mk/?p=23342&lang=en.

137 „Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска со писмо ја извести претседателката на Судскиот совет, Павлина Црвенковска за истекот на мандатот на судијата Вангелина Маркудова“, официјална интернет-страница на Република Северна Македонија, 7 октомври 2022, http://ustavensud.mk/?p=22787.

138 „Уставниот суд пред правно ’исчезнување‘ по 31 година во независна Македонија“, МКД, 12 октомври 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/ustavniot-sud-pred-pravno-ischeznuvanje-po-31-godini-postoenje.

139 „Закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 235/2022.

140 „Закон за изменување на Законот за судска служба“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 235/2022.

141 „Донесени законите за судска, јавнообвинителска служба и за извршување санкции“, Независен, 3 ноември 2022, https://nezavisen.mk/doneseni-zakonite-za-sudska-javnoobvinitelska-sluzhba-i-za-izvrshuvanje-sankcii/.

142 „Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 41/2022.

143 Абази Имери и други, „Анализа: Сеопфатна проценка на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот систем (2017-2022)“.

144 „Предлог-закон за вработените во јавниот сектор“, Национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=60142.

145 „Закон за административни службеници“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022.

146 Исто.

Во ноември и декември 2022 година Апелациониот суд Скопје ги уважи жалбите на обвинетите во предметите „Трезор“[147] и „Таргет-Тврдина“,[148] со што ги поништи првостепените пресуди и предметите ги врати во Основниот кривичен суд Скопје за повторно разгледување и повторно судење. Со тоа, главниот обвинет во двата случаи беше ослободен од изречените казни (казна затвор во траење од осум години,[149] односно дванаесет години[150]). Како причина за поништување на првостепените пресуди беа утврдени суштински повреди на одредбите од Законот за кривична постапка од страна на Основниот кривичен суд Скопје, со што се доведува во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот закон.[151] Со оваа одлука на Апелациониот суд Скопје, се отвора можност за застарување на делото на првообвинетиот во предметот „Таргет-Тврдина“, доколку до 2025 година не биде донесена нова правосилна пресуда.[152]

Поради критиките и притисокот од јавноста, особено од стручната јавност, Судскиот совет почна да ги истражува причините за одложувањето на разгледувањето на жалбите во предметите од страна на Апелациониот суд Скопје.[153] Поточно, се истражува зошто од март 2022 година за првиот и од април 2022 година за вториот предмет не се расправало на јавна седница во Апелациониот суд Скопје.[154]

На 22 декември 2022 година во Основниот кривичен суд Скопје беше закажано повторно судење за првообвинетиот во предметот „Титаник 2“, три години по укинувањето на првостепената пресуда.[155] Но, рочиштето не се одржа поради отсуство на обвинетиот.[156] Поради ова настана спор помеѓу Основниот кривичен суд Скопје и Казнено-поправната установа „Струга“ за тоа кој е виновен што обвинетиот не присуствувал на закажаното рочиште.[157] Пропуштеното рочиште беше презакажано и одржано на 26 декември 2022 година.[158] Во меѓувреме, Управата за извршување на санкциите изврши вонреден увид во Казнено-поправната установа „Струга“, со што се утврди дека нема пропусти од страна на затворската управа, туку станува збор за техничка грешка направена од страна на судот.[159]

147 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3R0Z2m5.
148 „Соопштение за јавност“, 16 декември 2022.
149 „Апелација укина пресуда за Мијалков со која требаше да лежи 8 години во затвор и во буџетот да се вратат 860 илјади евра“, А1 Он, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3wkMi0e.
150 „Апелација ја укина пресудата за прислушувањето, Мијалков ослободен од 12-годишната затворска казна“, А1 Он, 16 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/apelacija-ja-ukina-presudata-za-prislushkuvanjeto-mijalkov-osloboden-od-12-godishnata-zatvorska-kazna/.
151 „Соопштение за јавност“, 25 ноември 2022; „Соопштение за јавност“, 16 декември 2022.
152 „Поништени пресуди – застарена ’правда‘“, Радио Слободна Европа, 19 декември 2022, https://bit.ly/3QXUzAC.
153 „Ќе се истражува зошто апелационите судии ги држат во фиока предметите за прислушувањето со кои Мијалков неправосилно е осуден на 20 години затвор“, Сакам да кажам, 23 ноември 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ke-se-istrazhuva-zoshto-apelatsionite-sudii-gi-drzhat-vo-fioka-predmetite-za-prislushuvaneto-so-koi-mijalkov-nepravosilno-e-osuden-na-20-godini-zatvor/.
154 Исто.
155 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Правосуден портал на Република Северна Македонија, 23 декември 2019, https://bit.ly/3D7Q9l9.
156 „Не се знае каде е Мијалков – Утринава не беше спроведен од затворот во Струга за повторното судење за ’Титаник 2‘, а бил уредно поканет“, Сакам да кажам, 22 декември 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ne-se-znae-kade-e-mijalkov-utrinava-ne-beshe-sproveden-od-zatvorot-vo-struga-za-povtorenoto-sudene-za-titanik-2-a-bil-uredno-pokanet/.
157 „Кривичен контра струшкиот затвор: Повратницата од наредбата за спровод покажува кога Мијалков требаше да биде донесен на ’Титаник 2‘“, 360 степени, 22 декември 2022, https://360stepeni.mk/krivichen-kontra-strushkiot-zatvor-povratnitsata-od-naredbata-za-sprovod-pokazhuva-koga-mijalkov-trebashe-da-bide-donesen-na-titanik-2/.
158 „Претпладнево ново рочиште за ’Титаник 2‘: Мијалков овој пат спроведен од струшкиот затвор“, Телма ТВ, 26 декември 2022, https://telma.com.mk/2022/12/26/pretpladnevo-novo-rochishte-za-titanik-2-mijalkov-ovojpat-sproveden-od-strushkiot-zatvor/.
159 „Истрагата докажа дека затворските власти во Струга за случајот ’Мијалков‘ постапиле законски“, А1 Он, 23 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/istragata-dokazha-deka-zatvorskite-vlasti-vo-struga-za-sluchajot-mijalkov-postapile-zakonski/.

# Борба против корупцијата

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во октомври потпиша договори за електронско користење на податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија[160] и од Агенцијата за катастар на недвижности.[161] Со потпишувањето на договорите, ДКСК ќе може да ги добие потребните податоци со кои располагаат овие институции во електронска форма без поднесување на писмени барања, што треба да ја зголеми нејзината ефикасност и ефективност, особено во однос на евидентирање и следење на имотната состојба и интересите.

ДКСК и Министерството за внатрешни работи (МВР) потпишаа договор за соработка и размена на податоци во електронска форма и меморандум за соработка. Со договорот за размена на податоци, МВР ќе овозможи ДКСК да прима податоци во електронска форма преку веб-сервиси и тие во најкраток можен рок да ги обработува во однапред утврден структуриран електронски образец. Меморандумот за соработка предвидува соработка помеѓу двете институции со цел олеснување и подобрување на системот за заштита на укажувачите во Република Северна Македонија.[162] ДКСК, исто така, потпиша меморандум за соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), со кој се предвидува интензивирање на соработката помеѓу овие институции со цел унапредување, подобрување и поттикнување обука на јавната администрација со цел подигнување на свеста и унапредување на знаењето за спречување на корупцијата и судирот на интереси.[163]

На средината на октомври, ДКСК одлучи да затвори неколку предмети против разни актуелни и поранешни функционери кои по стапувањето на функцијата не ги доставиле навреме своите анкетни листови, бидејќи ги платиле казните што им биле изречени. Меѓу овие функционери се и министерот за животна средина и просторно планирање, претседателот на Судскиот совет и в.д. директорот на Албанскиот театар Скопје. Дополнително, ДКСК заклучи дека во ниту еден случај не може да се докаже материјален интерес и исто така ја отфрли пријавата против работата на поранешниот заменик-министер за култура во врска со наводната злоупотреба на службената должност и добивање на материјална корист со изнудување пари.[164]

Кон крајот на октомври, опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ тврдеше дека 123 јавни функционери имаат имот вреден околу 30 милиони евра што не е пријавен на анкетниот лист што се должни да го достават до ДКСК и побараа ДКСК да преземе дејства во врска со ова прашање.[165] Претседателката на ДКСК ја повика партијата да ги достави сите документи што ги докажуваат овие тврдења до ДКСК и изјави дека ДКСК ќе постапи соодветно.[166]

160 „Потпишан договор за електронско користење на податоци со Централниот регистар на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 6 октомври 2022, https://bit.ly/3ZVQfWF.

161 „ДКСК добива електронски пристап до податоците на Агенцијата за катастар на недвижности", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 28 октомври 2022, https://bit.ly/3iVdPSZ.

162 „Претседателката на ДКСК, Билјана Ивановска, и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, потпишаа Договор за соработка и размена на податоци во електронска форма и Меморандум за унапредување на системот на заштита на укажувачите, како ефективна алатка во борбата против корупцијата", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 14 октомври 2022, https://bit.ly/3HqgJbU.

163 „Потпишан Меморандум за соработка со Министерството за информатичко општество и администрација", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција (блог), 3 ноември 2022, https://bit.ly/3wqsFUF.

164 „ДКСК затвори повеќе предмети за недоставување на анкетен лист од функционери", Правдико, 14 октомври 2022, https://www.pravdiko.mk/dksk-zatvori-poveke-predmeti-za-nedostavuvane-na-anketen-list-od-funktsioneri/.

165 Петрушевски: „123 функционери криеле имот вреден 30 милиони евра, ДКСК да си ја изврши законската должност", Центар.мк, 1 ноември 2022, https://bit.ly/3HKL6tr.

166 „ВМРО-ДПМНЕ објави 4 функционери со 'тајни имоти' – Ковачевски: 'Ако имаат сознанија да ги достават до антикорупциска'", ТВ 21, 25 октомври 2022, https://bit.ly/3jcTZCY.

Во ноември беше направено контроверзно тврдење дека на синот на сегашниот претседател на Собранието му било дадено право да го полага правосудниот испит со дискрециска одлука на поранешен министер за правда, без да ги исполни пропишаните услови за степен на образование.[167] ДКСК спроведе истрага и заклучи дека кандидатот ги завршил студиите откако го положил правосудниот испит, но времето на дипломирање не се совпаѓа со условите за полагање. Сепак, тие изјавија дека не можат да го потврдат ова, бидејќи постарите документи во Министерството за правда не се чуваат и не можат да направат ништо повеќе за овој случај, но дека се посветени на системско подобрување на работите.[168]

## Управни тела

Поднесени се кривични пријави против двајца полициски службеници за примање поткуп. Имено, полициските службеници побарале и примиле поткуп при контрола на сообраќајот, кога биле должни да издадат прекршочен платен налог за утврден сообраќаен прекршок за минување на црвено светло.[169]

## Независност и непристрасност

По реакциите за изборот на основниот јавен обвинител на ОЈОГОКК наведени погоре,[170] на шести декември 2022 година, амбасадорката на САД објави дека пристигнал тим за санкции од Вашингтон со цел поагресивно да ја истражи корупцијата меѓу минатите и сегашните функционери и да ги разгледа сите можни реакции во врска со неа.[171]

## Јавно обвинителство

Во текот на извештајниот период продолжи главната расправа во предметот „Софтвери", каде што првообвинет е поранешниот генерален секретар на Владата. Судењето е во доказна постапка, во рамките на која беа претставени низа сведочења во врска со делата за кои е обвинет.[172] Во врска со ова, поранешниот генерален секретар на Владата поднесе кривични пријави против двајца обвинители поради наводна злоупотреба на службената положба, несовесно работење во службата, поднесување лажни докази, спречување докази и незаконско лишување од слобода.[173] Слични обвиненија против обвинителите биле поднесени и од сопственикот на компанијата од која првообвинетиот набавил софтвер за сообраќајни прекршоци.[174]

167 „Како синот на Талат Џафери полагал правосуден испит и се запишал на Академијата за судии?", Канал 5, 28 ноември 2022, https://kanal5.com.mk/kako-sinot-na-talat-djaferi-polagal-pravosuden-ispit-i-se-zapishal-na-akademija-za-sudii/a557605.

168 „Антикорупциска: 'Барлет, синот на Талат Џафери положил правосуден испит пред да дипломира, но не може да се отвори предмет'", Денешен.мк, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3kZxUbc.

169 „Кривична пријава против двајца полицајци за примање поткуп", Правдико, 26 октомври 2022, https://www.pravdiko.mk/krivichna-prijava-protiv-dvajtsa-politsajtsi-za-primane-potkup/.

170 „САД се збунети од изборот на Ислам Абази, особено по потрошени милиони долари за обука на обвинители".

171 Амбасадорката Ангела Агелер на „Твитер": „Тимот за санкции од Вашингтон е тука да направи поагресивен преглед на минатите и сегашните учесници во корупцијата и да ги разгледа сите можни реакции", официјален твитер-профил на амбасадорката на САД во Северна Македонија, Ангела Агелер (блог), 6 декември 2022, https://twitter.com/usambnmacedonia/status/1600068419646533632.

172 „Рашковски тврди дека софтверот бил набавен само за анализи и бара од судот да го тестира во живо", 360 степени, 1 ноември 2022, https://360stepeni.mk/rashkovski-tvrdi-deka-softverot-bil-nabaven-samo-za-analizi-i-bara-od-sudot-da-go-testira-vo-zhivo/; „Спасовски: 'Не бев запознаен со софтверот на Рашковски, МВР правеше свои анализи за надградба на Сејф сити на барање на Заев'", 360 степени, 1 ноември 2022, https://bit.ly/3Dq47if.

173 „Рашковски со кривични пријави против обвинителките Русковска и Трајчева", Телма ТВ, 28 ноември 2022, https://telma.com.mk/2022/11/28/rashkovski-so-krivichni-prijavi-protiv-obvinitelkite-ruskovska-i-trajcheva/.

174 „Сопственикот на фирмата од која Рашковски го набави софтверот – со кривична против Русковска", ТВ 24, 5 декември 2022, https://24.mk/details/sopstveniot-na-firmata-od-koja-rashkovski-go-nabavi-softverot-so-krivichna-protiv-ruskovska.

Командир, заменик-командир, раководител на смена и шест полицајци беа приведени во операцијата спроведена од страна на МВР и ОЈОГОКК на граничниот премин „Табановце". Горенаведените лица се приведени за злоупотреба на службената положба, бидејќи при претресот во шкафчињата на службениците била пронајдена картонска кутија со голема сума пари во различни апоени на банкноти во различни валути, меѓу кои македонски денари, евра, швајцарски франци, американски долари и турски лири.[175]

ОЈОГОКК на средината на ноември поднесе кривична пријава против привремениот претседател на тело основано од Владата поради сомнение дека сторил злоупотреба на службената положба. Тој е осомничен дека ја искористил својата положба за незаконски да добие вкупен износ од 75.722 евра за себе и за други лица, на штета на буџетот на институцијата.[176]

## Правна рамка

Долгоочекуваните измени на Кривичниот законик поминаа на прво читање во Собранието и чекаат на понатамошните фази од законодавната постапка.[177] Со овој предлог-закон се регулира спроведувањето на Истанбулската конвенција, со воведување на нови кривични дела што го опфаќаат родовото насилство, ги редефинираат постојните дела и воведуваат построга казнена политика во однос на овие кривични дела. Покрај ова, направени се интервенции во однос на кривични дела поврзани со безбедноста на новинарите, се менуваат одредени одредби во однос на конфискација и тортура, а направено е и усогласување со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама поврзана со финансиските интереси на ЕУ, преку примена на кривичното право.

На деветти ноември, предлог-текстот на новиот Закон за кривична постапка е објавен на ЕНЕР.[178] Целта на новиот Закон е усогласување со новодонесените директиви на ЕУ поврзани со правото на толкување и превод во кривичната постапка, правото на информации во кривичната постапка, заштитата на личните податоци при соработка во кривичната материја, стандардите на правото, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела. Дополнително, има цел да го елиминира нееднаквото толкување и нееднаквата практична примена на некои одредби од моменталниот закон, да обезбеди прецизна дефиниција на одредбите поврзани со наредување, продолжување и прекинување на мерката притвор во претходна постапка и да понуди прецизни дефиниции на одредбите за спогодување.

Иако министерот за правда изјави дека во моментов постојат применливи инструменти и механизми за докажување и откривање на незаконски стекнатиот имот, тој исто така најави дека предлог-законот за потеклото на имотот ќе биде подготвен колку што е можно поскоро.[179] Но, досега не е објавен.

175 „Командир, заменик-командир и неколку полициски службеници се приведени во вчерашната акција на 'Табановце'", 360 степени, 26 декември 2022, https://360stepeni.mk/komandir-zamenik-komandir-i-nekolku-politsiski-sluzhbenitsi-se-privedeni-vo-vcherashnata-aktsija-na-tabanovtse/.

176 „Поднесена кривична пријава за 'злоупотреба на службена положба и овластување'", Центар.мк, 18 ноември 2022, https://centar.mk/blog/2022/11/18/podnesena-krivichna-prijava-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvane/.

177 „Демнењето и насилството врз новинари го поминаа првиот собраниски филтер за влез во Кривичниот законик", Радио МОФ, 22 ноември 2022, https://bit.ly/3XQz47K.

178 Министерство за правда, „Предлог на Законот за кривичната постапка", Национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР, 9 ноември 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=76038.

179 „Тупанчески: 'Постојат инструменти и механизми за докажување и откривање на состојбата со незаконски стекнатиот имот'", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 25 октомври 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6430.

# Основни права

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Во пресудата донесена на 13 декември 2022 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди дека две основни училишта, „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола и „Гоце Делчев“ во Штип, го прекршиле правото на недискриминација (член 14) во однос на правото на образование (член 2 од Протокол 1) на ромските деца. Ромските деца веќе неколку години учат во сè повеќе сегрегирани паралелки, тренд што веќе доведува до постоење на одделенија целосно составени од ромски деца поради тоа што нeромските родители ги запишуваат своите деца во училишта на други места. Имајќи го тоа во предвид, родителите на ромските деца сметаат дека опаѓа квалитетот на образованието што им се нуди на децата во училиштата со мнозинско ромско население. Оттука, ЕСЧП утврди дека постои дискриминаторски третман и им додели надоместок на домаќинствата каде што живеат овие деца.[180]

## Народен правобранител

Откако беше утврдено дека на 23 лица со попреченост им е одбиена финансиска помош од државата поради нивната возраст, Народниот правобранител побара измена на Законот за социјална заштита.[181] Тој лоцираше дискриминаторски елементи во овој закон затоа што е предвидено лицата постари од 65 години веќе да немаат право на финансиска помош, иако според Народниот правобранител, тогаш им е најпотребна.[182]

Иако почна второто тримесечје на тековната учебна година, Народниот правобранител продолжува да добива петиции од родителите на учениците во врска со недостатокот на образовни асистенти.[183] Како долгорочно решение, Народниот правобранител препорачува Министерството за образование и наука (МОН) да ги интензивира активностите за донесување на нов Закон за средно образование и да го усогласи со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, а дотогаш, со оглед на тоа што учебната година е во тек, Народниот правобранител препорачува МОН да овозможи непречено образование и поддршка од образовен асистент за секое дете со попреченост.[184]

## Мачење или друг суров, нечовечки или понижувачки третман или казна

На почетокот на декември, Министерството за правда објави оглас за тројца членови од Република Северна Македонија во Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ).[185]

180 ЕСЧП, „Случај Елмазова и други против Северна Македонија (Апликации бр. 11811/20 и 13550/20)“, 13 декември 2022, https://bit.ly/3i92CxS.

181 „Иницијатива за изменување и дополнување на одредбите од Законот за социјалната заштита“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021 и 99/2022.

182 „Омбудсманот бара измени во законот за социјална заштита на лицата со попреченост“, Телма ТВ, 23 ноември 2022, https://bit.ly/3D9R7x8.

183 „Министерството за образование станува најпроблематичен и најнефункционален ресор, Омбудсманот Зибери ги објави сите поплаки на родители и ученици“, СДК.мк, 30 септември 2022, https://bit.ly/3kS434B.

184 „Народен правобранител: ’Има ученици за кои не се обезбедени образовни асистенти‘“, Радио МОФ, 3 декември 2022, https://www.radiomof.mk/naroden-pravobranitel-ima-uchenici-za-koi-ne-se-obezbedeni-obrazovni-asistenti/.

185 „Јавен оглас за избор на тројца кандидати за член од Република Северна Македонија во Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 5 декември 2022, https://bit.ly/3Di5YG0.

Основниот кривичен суд Скопје осуди двајца полициски службеници кои беа прогласени за виновни за малтретирање при извршување на службена должност. Двајцата полицајци му пришле на едно лице и побарале лична карта. Лицето одговорило, по што грубо го пребарале и го удриле по главата. Потоа го врзале со лисици и повторно почнале да го удираат, по што го подигнале повредениот за да го однесат во полициска станица.[186] Двајцата полицајци беа осудени на една година затвор и суспендирани на три години.

## Затворски и притворски установи

Откако Народниот правобранител изврши вонредна посета на КПУ „Идризово" и издаде препорака за преместување на малолетните девојчиња во поправниот дом „Волковија", каде што казни издржуваат и момчиња, но се соодветно одвоени според законот и имаат пристап до соодветни објекти според утврдените стандарди,[187] министерот за правда изјави дека оваа препорака е спроведена и дека малолетните девојчиња ќе ја отслужат казната во поправниот дом „Волковија".[188]

Една позната личност која издржува казна затвор во КПУ „Идризово" била брутално претепана и однесена во болница.[189] Министерството за правда (МП) издаде соопштение во кое образложува дека ќе се спроведе дисциплинска постапка против осудените лица кои го извршиле физичкиот напад и дека службеници од Управата за извршување санкции ќе извршат целосен увид во објектот.[190] Овој инцидент го поттикна Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) да го повтори предупредувањето за насилството меѓу осудените, кое често се случува во казнено-поправните установи, често поради недостаток на затворски персонал, но исто така и поради недоволно обучен затворски персонал.[191]

На почетокот на декември, ХКЧП го објави својот извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи и поправните домови за 2022 година.[192] Наодите во извештајот покажуваат подобрени материјални услови во некои казнено-поправни установи, како и напори за едукација на кадарот, но и постоење на системски недостатоци, како што се: ниско ниво на мултисекторска соработка меѓу надлежните институции, немање пристап до здравствена заштита и образование, постоење на корупција, супстандардни услови за живот во некои казнено-поправни установи, како и недостаток на соодветни услови за спроведување програми за ресоцијализација, како и слободни и стручни активности на осудените лица.

186 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Нова судска одлука што ја санкционира полициската бруталност", 19 декември 2022, https://mhc.org.mk/news/nova-sudska-odluka-shto-ja-sankcionira-policiskata-brutalnost/.

187 „За иста мерка, момчињата во воспитно-поправен дом, девојчињата во затвор", 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

188 Министерство за правда, „Тупанчески: Во 'Волковија' ќе се издржува мерката 'упатување во ВПД' за малолетничките на кои име е изречена", 20 октомври 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6424.

189 „Тројца затвореници го претепале Боки 13 во затвор, со Брза помош однесен во болница", А1 Он, 21 октомври 2022, https://a1on.mk/macedonia/trojca-zatvorenici-go-pretepale-boki-13-vo-zatvor-so-brza-pomosh-odnesen-vo-bolnica/.

190 Министерство за правда, „Соопштение", 21 октомври 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6427.

191 „Институциите мора да ги заштитат осудениците во висок ризик", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 21 октомври 2022, https://mhc.org.mk/news/institucite-mora-da-gi-zashtitat-osudenicite-vo-visok-rizik/.

192 Ина Џугуманова, „Извештај за состојбите и условите во казнено-поправните установи и воспитната установа за 2022 година", Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 6 декември 2022, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/borba-protiv-tortura-i-nehuman-tretman.pdf.

## Заштита на личните податоци

Во текот на извештајниот период, Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) даде 51 насока, известувања и одговори на прашањата од контролорите/обработувачите на лични податоци во врска со перцепција на ризиците, правилата, мерките за заштита и правата во врска со обработката на личните податоци; издаде четири укажувања до државните органи во врска со прописите и другите правни инструменти објавени во „Службен весник“; едно укажување за преземање на соодветни технички мерки; даде шест мислења во врска со нацрт-закони, подзаконски акти и други материјали од областа на заштитата на личните податоци и постапи по две барања за одобрение за обработка на лични податоци согласно член 84 од Законот за заштита на личните податоци.[193]

АЗЛП во извештајниот период спроведе вкупно 47 инспекциски надзори, од кои 36 беа најавени, а единаесет ненајавени, при што не спроведе никакви редовни електронски надзори[194].

Од вкупно 72 пријави поднесени до АЗЛП во извештајниот период, најмногу се од физички лица за однесување на социјалните мрежи (58), имено за лажни и хакирани профили, пријави што се однесуваат на објавување на туѓи фотографии, видеа и аудиоснимки од туѓи профили на социјалните медиуми. Преостанатите 14 барања се во врска со остварување на правата на субјектите на лични податоци, обработка на лични податоци преку системи за видеонадзор итн.[195]

АЗЛП продолжи редовно да спроведува обуки за заштита на личните податоци[196]. До крајот на извештајниот период беше организирана 12. и 13.-сесија на обуки за заштита на личните податоци.

## Слобода на изразување

На почетокот на ноември, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) побараа итно донесување на измените на Кривичниот законик што во моментов се заглавени во Собранието[197] со кои ќе се овозможи поголема заштита на новинарите и медиумските работници, бидејќи нападите врз нив ќе се третираат како напади врз службени лица. Амандманите со кои се воведуваат построги казни за кривичните дела „убиство“, „употреба на сила“, „загрозување на безбедноста“ и „спречување службено лице да изврши службено дејство“, кога се вршат врз новинари или медиумски работници, поминаа на прво читање во Собранието и чекаат понатамошни фази од законодавната постапка.[198]

На 17 ноември Собранието го донесе новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, со кој казните за новинари, уредници и правни лица за клевета и навреда се намалуваат до петпати во споредба со претходниот закон.[199]

193 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Доставување на информации од јавен карактер“, 1 февруари 2023.

194 Исто.

195 Исто.

196 АЗЛП во рамките на твининг проектот финансиран од ЕУ, „Поддршка за имплементација на модернизираната правна рамка за заштита на податоци“, организира обуки за вработените во АЗЛП, за службениците за заштита на личните податоци и за претставници на институциите и компаниите од јавниот и приватниот сектор. Во рамките на проектот, АЗЛП спроведе и специјализирани обуки за надзор, како и две обуки наменети за државните органи и институции на тема методологија за хармонизација на секторските закони и за транспонирање во нацрт-закон на т.н. полициска директива.

197 „Новинарите бараат итно усвојување на измените на Кривичниот законик за нивна поголема заштита“, Радио МОФ, 2 номеври 2022, https://www.radiomof.mk/novinarite-baraat-itno-usvojuvanje-na-izmenite-na-krivichniot-zakonik-za-nivna-pogolema-zashtita/.

198 „Демнењето и насилството врз новинари го поминаа првиот собраниски филтер за влез во Кривичниот законик“.

199 „Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 251/22.

По пауза од четири години, со предлог за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што доаѓа од пет пратеници, повторно се враќа можноста државните реклами да се вратат на приватните радио и телевизиски канали. Предлогот повикува на бришење на член 102 од законот, со кој се забранува плаќањето на државни пари за кампањи кон приватните медиуми, што се оправдува со поголема транспарентност при изборот на радиодифузни кампањи од јавен интерес, како и нивно почесто спроведување и емитување за подигнување на јавната свест. Новинарските здруженија предупредуваат на можно политичко влијание ако амандманот биде донесен од Парламентот.[200] Измените на овој закон предизвикуваат дополнителна загриженост затоа што се предвидува средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонската радиодифузна телевизија, кои се обезбедени од државниот буџет во износ од 1%, да се намалат на 0,9% од реализираните вкупни приходи во претходната фискалната година. Програмскиот совет на Јавниот радиодифузен сервис и ЗНМ предупредуваат дека оваа разлика ќе се пренесе на приватните телевизии и радија за кампањи од јавен интерес на теми за кои одлучуваат политичките партии.[201]

Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје назначи еден од нивните јавни обвинители како лице за контакт во врска со предмети поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на оваа институција.[202] Оваа одлука е донесена по препораката на ЗНМ да се формира посебно одделение во рамките на ОЈО Скопје со цел зголемување на безбедноста на новинарите. Оваа позиција има цел да послужи како директна врска за комуникација помеѓу нападнатите новинари и ОЈО Скопје и да ги координира постапките во врска со уништувањето на имотот што им припаѓа на новинарите и на медиумските работници, а кога тоа е поврзано со нивната работа.[203]

Според студијата објавена од ЗНМ на тема „Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на судството во Северна Македонија“, новинарите се чувствуваат како судството да не придонесува доволно за да се заштити слободата на изразување во Северна Македонија, за безбедноста на новинарите, и новинарите не веруваат дека постои ефикасна истрага или казна за нападите против нив. Недостатокот на комуникација помеѓу судиите и новинарите и недостатокот на јасно дефинирани правила и постапки за транспарентност и односи со јавноста се идентификувани како главни предизвици што го попречуваат процесот на градење партнерство и соработка помеѓу новинарите и судските институции.[204]

Според истражувањето во кое се анализира онлајн-вознемирувањето на новинарките во Северна Македонија, спроведено од Платформата за истражувачко новинарство и анализа (ПИНА), од вкупно 103 новинарки испитани во земјата, 81,6 отсто се соочуваат со вознемирување на интернет.[205] Од овој број, речиси половина (43,7%) од новинарките кои биле вознемирувани никаде не го пријавиле тоа, додека најголем дел од другите (32%) го пријавиле кај уредникот. Иако ова истражување покажува дека нападите врз новинарите имаат полова компонента, истовремено го потврди недостатокот на доверба што новинарите ги имаат во институциите за да ги заштитат.

200 „Дали власта пак ќе купува влијание во медиумите? СлободнаЕвропа.мк, 16 ноември 2022, https://bit.ly/3HkEXUA.

201 „Програмскиот совет при МРТ и ЗНМ: 'На нетранспарентен начин се крати буџетот на МРТ'“, официјална интернет-страница на ЗНМ, 19 ноември 2022, https://bit.ly/3iZjd7v.

202 „ЗНМ: 'ОЈО Скопје назначи јавен обвинител како лице за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите'“, официјална интернет-страница на ЗНМ, 4 октомври 2022, https://bit.ly/3QtqZmw.

203 „Почна соработката на ЗНМ со обвинителката за нападнати новинари, се активираат и старите нерешени истраги“, официјална интернет-страница на ЗНМ, 31 октомври 2022, https://bit.ly/3ivQHKw.

204 Давор Пашоски, „Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија“, ЗНМ, 1 октомври 2022, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/Studija_MK_10092022-1.pdf.

205 Бојана Јовановска, „Од нормализација до самоцензура – Анализа на онлајн-вознемирувањето врз новинарките во Северна Македонија“, Платформа за истражувачко новинарство и анализа – ПИНА, 7 октомври 2022, https://bit.ly/3XTSubC.

По повод Денот на човековите права, на десетти декември, ЗНМ објави нова анализа со наслов „Слобода на изразување и безбедноста на новинарите пред Судот во Стразбур – Анализа на пресудите на Европскиот суд за човекови права во македонски предмети во однос на член 10 од Европската конвенција за човекови права". Авторите на оваа публикација анализирaa дали е заштитено правото на информирање на граѓаните преку заштита на новинарите и новинарската професија, како и преку заштита на правото на граѓаните да бидат соодветно информирани за релевантни теми. Заклучоците и препораките се дека слободата на изразување може да постои и да биде активна само доколку се создаде законодавна и институционална средина, која овозможува вистинска примена на стандардите на ЕКЧП во работата на македонските медиуми.[206]

Откако беше објавено новинарското истражување за експериментално лекување на КОВИД-19 во приватна болница,[207] ОЈО почна официјална истрага и беше побарана специјална инспекција.[208] Потоа, сопственикот на болницата поднесе тужба, за граѓанска одговорност за клевета и надоместок за нематеријална штета во износ од 1.200.000 денари, со барање да се отстрани прилогот, што, според ССНМ, би довело до брутална цензура на целокупната медиумска индустрија.[209] Сепак, Основниот граѓански суд Скопје го отфрли барањето, што беше поздравено од ЗНМ, наведувајќи дека оваа одлука го штити правото на слобода на изразување.[210]

ЗНМ и Македонската радио-телевизија (МРТ) потпишаа Меморандум за соработка што претставува меѓусебен договор за реализација на заеднички активности во рамките на годишните планови за работа согласно стратешките цели. Меморандумот е склучен со цел подобрување на капацитетите на новинарите во јавниот сервис, нивно вмрежување и зајакнување на меѓусебната соработка.[211]

## Напади врз новинари

Во текот на извештајниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) реагираше на шест инциденти со напади врз новинари: 1. физичкиот напад врз сопственикот и новинарот на онлајн-медиумот „Буревесник", 2. вербалниот и физичкиот напад врз екипата на ТВ 24, 3. непримерното однесување кон новинар на директорот на компанијата за греење „Скопје-Север", 4. барањето на претходниот министер за правда за бришење на новинарски напис, 5. непрофесионалното однесување на генералниот секретар на Град Скопје, кој не одговори на новинарски прашања за време на прес-конференција, и 6. барањето на полициските службеници упатено кон новинар за бришење на видео направено за време на протестите на приватните транспортни компании. Не било утврдено дека било кој медиум ширел говор на омраза.[212]

206 Велимир Деловски и Костадин Богданов, „Анализа: 'Слободата на изразување и безбедноста на новинарите пред Судот во Стразбур – Анализа на пресудите на Европскиот суд за човекови права во македонските предмети по член 10 од Европската конвенција за човекови права'", ЗНМ, 10 декември 2022, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/Analiza_Presudi_ECHR_061222_2-1.pdf.

207 „Обвинителството оформи предмет по допрен глас по документарниот филм 'Нечиста крв', Лабораторија за истражувачко новинарство", 18 јули 2022, https://irl.mk/obvinitelstvoto-oformi-predmet-po-dopren-glas-po-dokumentarniot-film-nechista-krv/.

208 „Отворена истрага и вонредна инспекција за клиниката 'Жан Митрев' по сторијата на ИРЛ за експерименталното лекување од Ковид-19", Радио МОФ, 18 јули 2022, https://bit.ly/3WTKzKn.

209 „ССНМ: 'Судот да не го прифати барањето на д-р Митрев за забрана на истражувањето на ИРЛ'", Радио МОФ, 19 октомври 2022, https://www.radiomof.mk/ssnm-sudot-da-ne-go-prifati-baranjeto-na-d-r-mitrev-za-zabrana-na-istrazhuvanjeto-na-irl/.

210 „Судот го отфрли барањето за цензура на истражувањето на ИРЛ, од ЗНМ ја поздравија одлуката", Радио МОФ, 20 октомври 2022, https://www.radiomof.mk/sudot-go-otfrli-baranjeto-za-cenzura-na-istrazhuvanjeto-na-irl-od-znm-ja-pozdravija-odlukata/.

211 „Меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и МРТ: Постојани обуки за новинарите и снимателите во јавниот сервис", официјална интернет-страница на ЗНМ, 15 ноември 2022, https://bit.ly/3XmEFSx.

212 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Доставување информации од јавен карактер", 17 јануари 2023.

Додека телевизиска екипа снимала прилог за украински олигарх, баран за перење пари во неговата родна земја, кој го регистрирал своето живеалиште во Скопје, биле вербално нападнати од сопственикот на соседната куќа, кој потоа физички го нападнал камерманот кој ги снимал сите инциденти надвор од имотот на напаѓачот.[213] Напаѓачот брзо бил приведен од страна на полициски службеници и МВР изјави дека ОЈО Скопје било известено за инцидентот и против напаѓачот ќе биде поднесена кривична пријава.[214] ЗНМ и ССНМ го осудија инцидентот и го повторија своето барање за донесување на измените на Кривичниот законик.[215] Последователно, ОЈО Скопје поведе постапка против напаѓачот и достави предлог до судот за ставање на сторителот во куќен притвор.[216]

Новинар, кој ја извршувал новинарската должност додека бил присутен на рочиште во Основниот граѓански суд Скопје, бил вербално нападнат од член на јавноста, бидејќи го користел својот лаптоп за водење белешки на рочиштето. ЗНМ ова го протолкува како обид за цензура и попречување во вршењето на новинарската професија и му помогна на новинарот да поднесе претставка против судијата пред Судскиот совет.[217]

Друг пример за мешање на државна институција во работата на новинарите беше спречувањето од страна на полицијата на медиумска екипа да снима протести во Скопје поврзани со блокадите на приватните превозни компании. За време на протестите, новинар се обидел да сними полицајци кои влечеле жена, но тие побарале од новинарот да ја избрише снимката. ЗНМ тврдеше дека инцидентот е јасен пример за цензура на медиумите и најави дека тој ќе биде пријавен во Одделот за внатрешна контрола во МВР.[218]

## Права на детето

Комитетот за правата на детето при Обединетите нации ги објави своите забелешки за механизмите на земјата за справување со дискриминацијата и насилството врз децата. Иако Комитетот го пофали формирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, тие исто така искажаа загриженост поради постоењето стереотипи и социјални норми што водат кон дискриминација на децата, особено на децата Роми, децата со попреченост, лезбијките, геј, бисексуалните, транс и интерсексуалните (ЛГБТИ) деца и младите. Комитетот, исто така, ја изрази својата загриженост за недоволните системски напори за справување со врсничкото насилство во училиштата, онлајн-вознемирувањето, како и насилството врз овие групи деца и препорачува спроведување мерки за справување со повеќекратна и интерсекционална дискриминација врз децата со попреченост, како и зајакнување на мерките за промовирање на инклузијата на децата со попреченост во заедницата и обезбедување на еднаков пристап за нив до сите услуги во заедницата, особено до културни, спортски и рекреативни активности.[219]

213 „Физички нападнат снимател на ТВ 24“, 24 Вести, 14 ноември 2022, https://24.mk/details/fizichki-napadnat-snimatel-na-tv-24.

214 „Министерство за внатрешни работи: Приведен напаѓачот на снимателот на ТВ 24“, 360 степени, 14 ноември 2022, https://360stepeni.mk/mvr-priveden-napagachot-na-snimatelot-na-tv-24/.

215 „Новинарските организации го осудија нападот на снимателот од ТВ 24, бараат одговорност и измени на Кривичниот закон“, Радио МОФ, 15 ноември 2022, https://bit.ly/3IEkzyY.

216 „Предложен куќен притвор за лице осомничено за насилство врз новинарска екипа“, официјална интернет-страница на ЈО на РСМ, 15 ноември 2022, https://bit.ly/3VWB5gQ.

217 „Претставка до Судскиот совет за повреда на правото на колегата Кристијан Ландов да известува од судско рочиште“, официјална интернет-страница на ЗНМ, 16 ноември 2022, https://bit.ly/3JpVIzx.

218 „ЗНМ: 'Полиција или цензори – скандалозно избришан видеозапис на ТВ21'“, Радио МОФ, 8 декември 2022, https://www.radiomof.mk/znm-policija-ili-cenzori-skandalozno-izbrishan-video-zapis-na-tv21/.

219 „Комитетот за правата на детето при ОН со низа критики како државата се справува со дискриминацијата“, Радио МОФ, 4 октомври 2022, https://www.radiomof.mk/komitetot-za-pravata-na-deteto-pri-on-so-niza-kritiki-kako-drzhavata-se-spravuva-so-diskriminacijata/.

На почетокот на октомври 2022 година, МОН донесе одлука за формирање Совет за унапредување на образованието и науката. Првичната цел на овој совет е конечно да се најде решение за прашањето за недостаток на учебници во основните и средните училишта, додека пошироко, Советот е формиран со цел да се подобри квалитетот на образованието и науката, да се оптимизира образованието, да се зајакнат системите за евалуација и оценување, да се реформираат наставните програми со поголем фокус на резултатите од учењето, да се постигне подобро усогласување на програмите за стручно образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и да се постигне програмите во високото образование да ги одразуваат потребите на пазарот на трудот.[220]

## Ранливи групи и начело на недискриминација

Во извештајниот период, КСЗД има добиено 64 приговори и отворило еден предмет по сопствена иницијатива. Во овој период донесени се вкупно 40 одлуки, додека дискриминација е констатирана во 14 од тие случаи, врз основа на националност или етничка припадност (четири случаи), личност и социјален статус (четири случаи), врз основа на пол (два случаи), припадност на маргинализирана група (два случаи), сексуална ориентација (еден случај), родов идентитет (еден случај), јазик (еден случај), други верувања и други основи (два случаи).[221]

На почетокот на ноември, по оставката на претседателот и членот на КСЗД, членовите на Комисијата избраа нов претседател и заменик-претседател.[222]

Извештајот на ЕК за Северна Македонија за 2022 година, објавен на 12 октомври, ги посочи истите проблеми наведени во претходниот извештај за земјата, односно наведе многубројни логистички и финансиски предизвици што ја попречуваат работата на КСЗД. Понатаму, беше наведено дека Владата повторно го скратила годишниот буџет на КСЗД, а сè уште постои недостаток на административен кадар. Забелешка има и за недостатокот на независност на КСЗД во однос на буџетот поради недоследност во актуелната законска рамка и недостаток на разновидност во составот на КСЗД, особено во однос на полот и лицата со попреченост.[223]

КСЗД издаде мислење и соодветни препораки согласно поднесената претставка од страна на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи – Општински одбор – Битола, против Здружението Културен центар „Иван Михајлов“ – Битола, за дискриминација по основа на национална и етничка припадност во однос на дејноста на здруженија, фондации или други организации кон членовите, семејствата, поддржувачите и почитувачите на Сојузот на борците, кон македонскиот народ и кон припадниците на сите етнички заедници во Република Северна Македонија. КСЗД утврди продолжено и повеќекратно вознемирување како посериозен вид дискриминација извршена од страна на Здружението Центар за култура „Иван Михајлов“ – Битола и истовремено утврди индиректна дискриминација извршена од страна на МП, поради неизвршување на неговите законски надлежности, што му овозможило на Здружението Центар за култура „Иван Михајлов“ – Битола да врши дискриминаторски активности.[224]

220 „Владата ја усвои одлуката за формирање на Совет за решавање на проблемот со учебниците“, Радио МОФ, 5 октомври 2022, https://www.radiomof.mk/vladata-ja-usvoi-odlukata-za-formiranje-na-sovet-za-reshavanje-na-problemot-so-uchebnicite/.

221 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Доставување на информации од јавен карактер“, 23 јануари 2023.

222 „КСЗД со нов претседател“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 ноември 2022, https://bit.ly/3klkxls.

223 „КСЗД во Извештајот на Европската комисија“, официјална интернет-страница на КСЗД, 18 октомври 2022, https://bit.ly/3ZEAS50.

224 „Мислење“, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 13 октомври 2022, https://bit.ly/3w9IkYl.

По прес-конференцијата кога беше образложено мислењето, член на КСЗД беше жртва на говор на омраза и смртни закани, на што КСЗД остро реагираше.[225]

По јавното барање на студентите и мислењето издадено од страна на КСЗД со кое се утврдува индиректна дискриминација од страна на МОН во однос на зголемувањето на студентските и ученичките стипендии, кое не се однесува на сите студенти и ученици, односно повисоки износи ќе добијат само тие што аплицирале на новите конкурси за стипендии,[226] МОН се согласи да ги изедначи стипендиите за сите студенти.[227]

КСЗД утврди директна продолжена дискриминација по основа на пол што ја спроведува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести. Клиниката ги спречува татковците да го придружуваат сопственото дете кога детето е хоспитализирано, поради практиката да се дозволува во текот на ноќта детето да биде придружувано само од мајката, а во случај на недостапност на мајката, само од женски роднини (баби или тетки итн.). Тие ја оправдуваат таквата практика со аргументот дека децата остануваат повеќе дена и се пресоблекуваат таму, па затоа е несоодветно да ги придружуваат родители од друг пол. КСЗД препорача институцијата да стави крај на оваа дискриминаторска практика во рок од 90 дена.[228]

Постапувајќи по поднесена кривична пријава против вработени во МВР за директна дискриминација врз основа на политички убедувања во областа на вработувањето и работните односи, КСЗД донесе мислење со кое се утврдува вознемирување поради професионална деградација и континуирана несигурност.[229] Поради непостапување по препораката содржана во нејзиното мислење, КСЗД поднесе прекршочна постапка пред надлежниот суд, при што Основниот суд во Куманово ги прогласи за виновни четирите лица кои дискриминирале и им изрече прекршочни санкции.[230]

## Родови прашања

На 17 ноември 2022 година Собранието го донесе Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилни кривични дела и тој ќе стапи на сила на 17 мај 2023 година. Паричниот надоместок е предвиден со цел да се спречи можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање предизвикано од пристапот на надлежните органи.[231]

Измените на Кривичниот законик, со кои се воведуваат одредби за спроведување на Истанбулската конвенција, поминаа на прво читање во Собранието. Со овие амандмани, по првпат се наведува домашното насилство и родово базирано насилство против жени како

225 „Закани за физичка ликвидација на член на КСЗД", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 17 октомври 2022, https://bit.ly/3QGfPLk.

226 „КСЗД најави прекршочна пријава против МОН за неизедначените стипендии", Радио МОФ, 30 август 2022, https://www.radiomof.mk/kszd-najavi-prekrshochna-prijava-protiv-mon-za-neizednachenite-stipendii/.

227 „МОН ќе ги изедначи стипендиите за сите студенти", Радио МОФ, 17 декември 2022, https://www.radiomof.mk/mon-kje-gi-izednachi-stipendiite-za-site-studenti/.

228 „КСЗД: 'Утврдена продолжена дискриминација врз основа на пол во клиниката за детски болести'", Радио МОФ, 19 декември 2022, https://bit.ly/3XVSY1c.

229 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење", 15 октомври 2021, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2021/12/0801-111-%D0%BE%D0%B4-15.10.21-Se-utvrduva-voznemiurvanje.pdf.

230 „За прв пат судот казни дискриминатор по барање поднесено од КСЗД", официјална интернет-страница на КСЗД, 27 декември 2022, https://bit.ly/3wHXnsn.

231 „МЗМП: 'Донесен е Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство'", Академик, 2 декември 2022, https://bit.ly/40iBsWj.

посебно кривично дело. Меѓу новите кривични дела исто така се и родово вознемирување и следење, а амандманите предвидуваат повисоки казни за кривични дела извршени или произлегуваат од родово базирано насилство.[232]

На почетокот на декември, премиерот и министерот за финансии го претстави новиот Концепт за даночни реформи, а една од иницијативите вклучени во концептот е намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за производите за менструална хигиена. Ова е воведено за да придонесе во борбата против менструалната сиромаштија и да овозможи поголема достапност на овие производи за сите жени и девојки, без оглед на нивната економска положба и куповна моќ. Измените воведени со новиот Концепт за даночна реформа се планирани да се реализираат следната година.[233]

Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД), заедно со земјоделските организации и другите невладини организации што ги поддржуваат, го посочија системскиот проблем со недостатокот на платено породилно отсуство за жените кои работат во земјоделскиот сектор. 1.075 жени регистрирани како поединечни земјоделки немаат право на платено породилно отсуство, иако имаат здравствено осигурување и имаат редовна обврска да плаќаат здравствено и социјално осигурување. Недостатокот на регулатива за оваа категорија жени во Законот за работни односи и во Законот за здравствено осигурување доведе до овој проблем и, иако ГО сметаат дека може да се реши со измени и дополнување на овие закони, релевантните државни институции не се согласуваат. Тие предлагаат донесување програма што нема да обезбеди систематско решение, поради што организациите што ги поддржуваат жените кои работат во земјоделството го иницираат ова прашање и бараат поширока поддршка.[234]

По повод 16 дена активизам против родово базирано насилство, министерот за внатрешни работи ја претстави полициската статистика за периодот од јануари до септември 2022 година, кога на државно ниво се пријавени 809 кривични дела на семејно насилство, а од 863 жртви, 669 се жени, претежно сопруги, вонбрачни партнери, мајки и ќерки. Иако министерот истакнува дека се постигнати добри резултати во санкционирањето на родово базираното насилство, треба уште многу да се работи за спречување на ваквите дела[235].

На средината на декември, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) објави дека отвориле центар за жени жртви на семејно насилство во полошкиот регион, бидејќи тоа е единствениот регион во земјата каде што немаше таков објект и жените се засолнуваа во други градови. Центарот обезбедува услуги на привремен престој, заштита, психосоцијална помош и поддршка за жртвите кои доживеале насилство и злоупотреба.[236]

232 „Демнењето и насилството врз новинари го поминаа првиот собраниски филтер за влез во Кривичниот законик“.

233 „Ковачевски најави намалување на данокот на менструалните производи од 18% на 5%“, Радио МОФ, 1 декември 2022, https://www.radiomof.mk/kovachevski-najavi-namaluvanje-na-danokot-na-menstrualnite-proizvodi-od-18-na-5/.

234 „Земјоделките произведуваат храна за сите и одгледуваат генерации, а немаат платено породилно отсуство“, Радио МОФ, 12 декември 2022, https://www.radiomof.mk/zemjodelkite-proizveduvaat-hrana-za-site-i-odgleduvaat-generacii-a-nemaat-plateno-porodilno-otsustvo/.

235 „Сопруги, вонбрачни сопруги, мајки и ќерки најмногу страдаат од семејно насилство“, МКД.мк, 28 ноември 2022, https://bit.ly/3GMD3Lh.

236 „Полошкиот регион го доби првиот Центар за жени-жртви на семејно насилство“, Радио МОФ, 13 декември 2022, https://bit.ly/3XGSwn5.

## ЛГБТИ+

Три години по одржувањето на првата Парада на гордоста во Скопје, поднесено е обвинение за злосторство од омраза против припадник на ЛГБТИ-заедницата во Северна Македонија.[237]

Друг позитивен пример за реакција од страна на судскиот систем на кривично дело од омраза против припадниците на ЛГБТИ-заедницата е пресудата донесена од Основниот суд Струмица на 28 ноември 2022 година. Во пресудата, Судот го прогласи обвинетиот виновен за сторено кривично дело од омраза врз претседателот на здружението ЛГБТИ „Јунајтед“, поради тоа што на осми август 2022 година во Струмица физички го нападнал, за време на настан организиран од здружението ЛГБТИ „Јунајтед“. Ова се перципира како мал, но е важен чекор за правдата и се очекува дека овие позитивни промени во кривичниот систем конечно ќе ја прекинат практиката на неказнивост за сторителите на кривични дела од омраза против ЛГБТИ-заедницата.[238]

Истражувањето насловено „Ставови и искуства со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија“, спроведено од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), покажа дека поголемиот дел од учесниците во истражувањето имаат предрасуди кон ЛГБТИ-заедницата. Имено, 53,5% од граѓаните отворено ги изразуваат своите негативни чувства или предрасуди кон лезбијките, геј и бисексуалните луѓе, додека 46,3% од граѓаните изразуваат негативни чувства кон трансродовите луѓе.[239]

Јасен показател дека членовите на ЛГБТИ-заедницата не се чувствуваат целосно безбедни е јавниот повик за учество на еднонеделна обука за самоодбрана за ЛГБТИ-заедницата, објавен од здружението ЛГБТИ „Јунајтед“. Организаторите истакнаа дека говорот на омраза и делата на омраза против ЛГБТИ-заедницата се во пораст во последно време, така што на часовите ќе се учи специјално дизајниран систем за самоодбрана, првенствено наменет за превенција и самозаштита на лицата кои претрпеле траума од вербален или од физички напад, жртви на насилство, активно или пасивно малтретирање и слично.[240]

## Роми

Според официјалните податоци на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во првата половина од 2022 година вкупно биле евидентирани 11.923 невработени Роми, од кои половина биле жени (6.101). Иако КСЗД и Народниот правобранител не добиле никакви поплаки од жените Ромки за дискриминација на работното место, тие се свесни дека таа постои и препорачуваат институциите да дејствуваат систематски со цел да се надмине дискриминацијата врз жените Ромки. Исто така, тие ги повикуваат жените да пријават дискриминација без страв дека некој ќе ги открие нивните лични податоци, па дури и ако не се надлежни да дејствуваат, тие ќе ги упатат жените до соодветните органи што можат да го истражат предметот.[241]

---

237 „По три години обвинение за напад врз член на ЛГБТ-заедницата“, Дојче веле, 30 ноември 2022, https://bit.ly/3W0Ngt6.

238 „ЛГБТИ Јунајтед: 'Казна затвор од 6 месеци за лицето кое физички го нападна активистот Беким Асани'“, Радио МОФ, 6 декември 2022, https://www.radiomof.mk/lgbti-junajted-kazna-zatvor-od-6-meseci-za-liceto-koe-fizichki-go-napadna-aktivistot-bekim-asani/.

239 Наташа Димова, „Толеранција и вредности на граѓаните“, Македонски центар за меѓународна соработка, 15 ноември 2022, https://mcms.mk/images/docs/2022/tolerancija-i-vrednosti-na-graganite.pdf.

240 „Повик за еднонеделна обука за самозаштита за ЛГБТ+ заедницата“, Радио МОФ, 5 октомври 2022, https://www.radiomof.mk/povik-za-ednonedelna-obuka-za-samozashtita-za-lgbt-zaednicata/.

241 „Жените Ромки сè уште дискриминирани при вработување“, официјална интернет-страница на ЗНМ, 20 октомври 2022, https://bit.ly/3Gxs2x9.

Горенаведеното истражување спроведено од страна на МЦМС, исто така, покажа дека, иако поголемиот дел од граѓаните би сакале да имаат соседи од различна етничка припадност или верски убедувања, тие не се чувствуваат исто кога ќе ги прашаат дали би сакале да имаат соседи Роми. Поголем дел од учесниците во истражувањето, 52,5%, одговориле дека не би сакале да се во таква ситуација, што покажува дека предрасудите и дискриминацијата кон Ромите сè уште постои во македонското општество.[242]

242 Димова, „Толеранција и вредности на граѓаните“.

